Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филозофски факултет - Скопје
Институт за педагогија

# Организација и финансирање на предучилишното воспитание и образование

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор
**Проф. д-р. Лена Дамовска**

Изработил
**Виолета Спасова**

Скопје, 2014

# Содржина

Стр.

**Вовед** **5**

**I ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** **8**

**1. Значењето и улогата на раниот детски развој** **9**

1.1. Историски развој на предучилишно воспитание и образование 13

1.2. Предучилишното воспитание во современи услови 16

1.3. Предучилишното веспитание и образование во Р. Македонија 20

**2. Организациска поставеност на предучилишното воспитание и образование** **22**

2.1. Структурна, функционална и институционална организација 22

2.2. Законска регулатива 24

2.3. Педагошка организација 26

2.3.1. Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години 28

2.3.2. Организациска поставеност на детските градинки во Р. Македонија 31

2.3.3. Планирање на воспитно-образовната работа 35

2.4. Простор 37

2.5. Организација на време 38

2.6. Опфат на деца со предучилишното воспитание и образование 39

2.6.1. Трендови во запишување на децата во детските градинки 40

**3. Кадровска поставеност на предучилишното воспитание и образование** **42**

3.1. Директор-менаџер на градинка 44

3.2. Улогата и значењето на воспитувачот во детските градинки 47

3.3. Доживотно учење 49

**4. Финансирање на детските градинки** **50**

4.1. Приходи на јавни установи 50

4.2. Приходи на приватни установи 52

4.3. Расходи 53

4.3.1. АБВ анализа на трошоци 54

**5. Децентрализација 56**

**6. Соработка со родителите и општествената средина 58**

6.1. Соработка со родители 58

6.2. Соработка со институции 60

**II ДЕЛ**

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 61**

**1. Предмет на истражување 64**

**2. Цел и задачи на истражувањето 65**

**3. Хипотези на истражувањето 66**

**4. Варијабли 67**

**5. Примерок на истражување 68**

**6. Методи, техники и инструменти на истражувањето 70**

**III ДЕЛ**

**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 71**

**1. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуата за директори 72**

1.1. Заклучок 75

**2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата за воспитувачи 77**

2.1 Заклучок 91

**3. Анализа и итерпретација на резултатите од анкетата за родители 93**

3.1. Заклучок 98

**4. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто со претставник од Биро за развој на образование 99**

4.1. Заклучок 102

**5. Заклучни согледувања 103**

**6. Сугестии и предлози за подобрување 105**

**Користена литаретура 107**

**Прилози 110**

## Вовед

Воспитанието би можеле да кажеме дека е најтесно поврзано со развитокот и усовршувањето на човечкото општество. Без воспитание општествениот развиток не би бил возможен. Многу автори кои размислувале и пишувале за воспитанието истакнувале дека воспитанието е животна потреба. Како и Џон Дјуи што напишал во своето дело "Педагогика и демократија" дека воспитанието за социјалниот живот е исто што и храната и размножувањето за биолошкиот и физиолошкиот живот. Со помош на воспитанието и другите начини детето се вклучува во различни видови на општествена комуникација и така постепено усвојува знаења, вредности и форми на однесување. Примарна средина за правилен развој и социјализација на децата во првите години од животот е семејството.

Со самото раѓање детето станува член на семејната и општествената средина. Родителите се грижат за неговиот опстанок и за создавањето на сите неопходни услови за правилно воспитание и образование. Семејното воспитание е основа на целокупното воспитание и образование што понатаму детето ќе го стекнува во животот. Семејството (пред се родителите, во потесна смисла) како многу важен фактор во институционалниот систем на воспитувањето посебно за децата од предучилишна возраст, за кои тоа е единствената природна средина за физичкиот, социјалниот и за моралниот развој, како и за формирањето на личноста воопшто, има клучно влијание за создавањето на пристоен амбиент и услови за севкупниот развој на семејниот подмладок. Семејното воспитување треба да се разбере како своевиден заокружен природен процес, во кој со цел еден комплекс на појави и збиднувања се одсликува целокупниот начин на животно пулсирање на меѓусебните односи и вредности, како што се довербата, љубовта, взаемната интеракција меѓу членовите, што придонесува да се создаде амбиент каде што интересот на секој член на оваа примарна заедница ќе биде почитуван и вграден во "воспитната стратегија" и "воспитната филозофија". Воспитувањето на сопственото дете е многу одговорна работа. Семејството на некој начин е посредник помеѓу општествениот систем и личноста т.е. детето. Современите услови на живеење ги променија внатрешните односи во семејството, како и начинот на воспитување на децата. Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Формирањето на детската личност во семејството го овозможува развојот на

интелектуалните, моралните, естетските, работно-техничките и телесно-здравствените воспитни содржини. Семејството го унапредува интелектуалниот развој на детето со обезбедување на простор за учење, со одржување на прикладен дневен распоред, со укажување на помош и поттикнување на самостојната интелектуална работа. Моралното воспитание детето го стекнува во семејството, а тоа најмногу зависи од средината во која живее. Родителите влијаат на создавањето на моралните сознанија, уверувања, ставови, однесување и делување. Целиот семеен живот, дневниот распоред, односите помеѓу членовите на семејството, ведрата и работната атмосфера, претставуваат ситуации од кои детето може да стекнува морално искуство и норми на заедничко однесување.

Предучилишната возраст е период на најинтезивен развој на детето, период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идниот човек. Во предучилишниот период детето се социјализира, афирмира, трансформира, се развива и усовршува неговата моторика, се богати неговиот говор и неговото сознајно-афективно искусто, се создаваат хигиенски, културни и работни навики и умеења, се задоволуваат потребите на детето за игра и контакти со врсниците и возрасните, се развиваат творечките и креативните потенцијали и сл.

Во услови на современото општество и најдобро организираната семејна средина не може потполно да ги задоволи сите потреби на детето.

Детето има потреба од пошироката општествена средина, во која тоа ќе се вклучува во заеднички игри и активности со други деца и возрасни, а во таа средина треба да се создадат услови за почитување на индивидуите на секое дете.

Предучилишното воспитание и образование е дел од глобалниот воспитно-образовен систем на Република Македонија чија основна дејност е воспитание и образование на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Огромна е важноста на раните години за развојот на човекот. Предучилишното воспитание и образование треба на секое дете да му овозможи поволни услови за целокупен развој на неговите потенцијали.

За правилно функционирање на оваа прва алка на воспитно-образовниот систем важна е организацијата, но исто и материјалните средства со кои располагат предучилишните установи.

Овој труд има теоретско-емпириски карактер за да ни ја доближи реалноста на два најважни фактори во предучилишните установи: **организација и финансирање.**

Истражувањето е реализирано преку прашања во кои е опфатена структурната организација и кадрите кои што се вклучени во овој систем, и како се одвива финансирањето на установите кои го сочинуваат.

Во вториот дел ја имаме методологијата на истражувањето. Во него опфатени се: предметот на истражување, целите и задачите, хипотезите на истражувањето, методите, техниките и инструментите на истражувањето, примерокот на истражувањето, како и постапката и начинот на обработка и анализа на добиените резултати од истражувањето.

Третиот дел од трудот е посветен на анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето.

Завршниот дел од трудот, ги содржи заклучните сознанија и констатации, кои се базирани врз теоретската разработка на проблемот на истражувањето и добиените резултати од истражувањето.

# I Дел

# Теоретски пристап кон проблемот на истражување

## 1. Значењето и улогата на раниот детски развој

Раниот и предучилишниот период се најбитни за развојот на личноста на детето. Психолозите имено, тврдат дека личноста на идниот возрасен човек се трасира многу рано, некаде помеѓу третата и петата година од животот. Искуството што го стекнува на оваа возраст, игра пресудна улога во подоцнежниот живот. Имајќи в предвид дека тоа е период на физички и психички развој во кој е изразено силно влијание на сите фактори кои го одредуваат севкупниот развој на личноста: од една страна биолошкото наследство, а од друга страна сите карактеристики на така наречените надворешни фактори-физички, историски, општествени и културни услови во кои започнува развојот на поединецот. Тоа е период на бурен и забрзан биолошки развој, период во кои со взаемно дејство на средината, се создаваат значајни предуслови за психички развој и стекнување на првите искуства на поединецот кои особено влијаат на развојот и формирањето на индивидуалноста и доведуваат до основните развојни достигнувања специфични за човекот, како што се: специфичните перцептивни способности, основните човекови чувства, способностите за интеракција со другите луѓе и сл. Како ќе се обликуваат индивидуалните способности и универзалните карактеристики на човекот, зависи првенствено од условите на негување и воспитување на детето токму во овој период. Најновите научни сознанија и достигнувања од областа на психологијата, педагогијата и другите сродни науки, укажуваат на фактот дека семејството и градинките имаат особено силно влијание во развојот и воспитувањето на децата од предучилишна возраст. Семејството претставува прва и незаменлива општествена средина во која детето расте и се развива и со самото тоа има посебна улога и значење во негувањето и воспитувањето на децата во најраниот период од нивниот живот.

Меѓутоа во современите услови на живот дури и најдобро организираната семејна средина неможе во потполност да ги задоволи сите потреби и барања на детето кои произлегуваат од неговата природа и специфичноста на психофизичкиот развој; од друга страна се јавува потреба за згрижување и воспитување на деца чии што родители се вклучени во работен процес.

Предучилишното воспитание и образование овозможува такви услови кои гарантираат развој на сите способности на секое дете и да обезбедат подеднакви можности за секое

дете. Во детските градинки се создаваат материјални и кадровски услови и општествена атмосфера за квалитетен живот на детето.

Притоа треба да се почитуваат развојните и други фактори, како на пример: личните потреби, семејството, заедницата, вредностите, правата и сл. На тој начин се поттикнува развојот на компентанции кои се нужни за поединецот за да се снајде и активно учествува во секојдневниот личен, а покасно и професионалниот општествен живот. Со низа на активности се создаваат основите за развој на сите способности на детето за учење, но и за неговата самостојност во учењето.

Цел на делувањето на сите директни и индиректни учесници во воспитанието и образованието е за сегашно и идно добро на детето. Воспитно-образовното делување на различните учесници во воспитувањето, особено на родителите и воспитувачите, бара нивно меѓусебно разбирање и соработка со што се остваруваат единствено разбраните и прифатени важни цели на воспитанието и образованието спрема потребите и развојните можности на детето.

Имајќи го предвид значењето на предучилишното воспитание и образование, како и потребите на современото општество, севкупната општествена јавност е насочена кон создавање на услови за оптимален развој на децата, кон ширење на мрежата на детски градинки во согласност со општата воспитна цел на единствениот воспитно-образовен систем во нашето општество: формирање на слободна, творечка и свесно развиена личност. Од таа гледна точка основната цел на предучилишното воспитание и образование е во согласност со педагошко-психолошките сознанија и општествените можности, и е ориентирана кон тоа да на најмладата генерација и обезбеди услови за здраво и среќно детство, за оптимален физички, интелектуален, емоционален и морален развој и за нивно понатамошно успешно воспитание и образование.

Во таа смисла пред предучилишното воспитание и образование се поставуват значајни задачи, со што се нагласува нивното огромно значење и улога во севкупниот систем на воспитување и образование. Во рамките на предучилишното воспитание, кај децата од предучилишна возраст се формираат основите на емоционалниот, свесниот и интелектуалниот развој: работните навики, навиките на социјално однесување, елементите на моралниот лик, интересите, способностите, доживување и искажување на убавото, основа на карактерот и слично.

Предучилишното воспитание, за разлика од другите видови на воспитание и социјализација на децата, се базира на концептот кои ги обединува сите научни факти за развој и воспитание на децата. Битна карактеристика на воспитно-образовниот систем е тоа што воспитанието и образованието се одвиваат како непрекинати процеси на успешната реализација на примарните човечки односи. Овие процеси, помеѓу останатото, налагаат потреба за хуманистички пристап во воспитанието и образованието. Хуманистичкиот пристап во предучилишното воспитание и образование се гледа во тоа што задачите, содржините, средствата и методите на предучилишното воспитание се одредени со термини на психофизичкиот развој на детето, со почитување на законитостите во развојот и неразделноста на личноста на детето од неговото однесување и активностите.

Во воспитанието на децата од предучилишна возраст се тргнува од фактот дека детето ги има сите потенцијали за развој на личноста и дека по пат на стручно одбрани содржини, методи и средства на воспитание се поттикнува развојот на природните потенцијали на детето, особини и својства на личноста во согласност со карактерот на севкупниот образовен систем.

Со време се менува поимот за овие установи и нивната работа. Кон тоа придонесува влијанието на детската развојна психологија и психоанализа кој со своите истражувања го изменија до тогаш владеачкиот концепт за детето. На периодот на рано детство е укажано како на најпластичен и најбурен период во севкупниот развој на личноста; се потенцира афективниот живот; на детето почнува да се гледа како на глобален и неиздиференциран систем итн. Од тука следувале и промените во работата на предучилишните установи, од тој концепт за детето како единствен психофизички систем. Поради тоа метаморфозата на предучилишните установи од социјално здравствени во воспитни за последица имаше, пред се поекстензивна заштита и нејзино комплетирање со опфаќањето и на психичкиот живот на детето. Стремежот на детето да му се обезбеди средина во која тоа ќе може да дојде до што пообемни разновидни искуства кои во одредена смисла ќе бидат корекција на една релативно осиромашена семејна средина... Несомнено ова претставува не само напредок туку и битна промена во карактерот на предучилишните установи.

Со време предучилишните установи добиваат обележје на специфични установи за воспитување на деца пред нивното поаѓање во училиште; установи во кои на систематски начин, низ игра и други видови на детски активности и преку адекватна

организација на животот во текот на престојот на децата во установата, се пружа можност да се влијае на нивниот севкупен развој.

Темелната улога на предучилишното воспитание и образование се однесува на создавање на услови за потполн и складен развој на личноста на детето, придонесува за поквалитетно негово растење и посредно, за квалитетот на неговиот семеен живот.

Предучилишната возраст е возраста каде се гради карактерната основа т.е подлога на особини врз кои понатаму се гради карактерот. Затоа оваа возраст од личноста на детето е многу важна и е од есенцијално значење за развитокот на личноста и карактерот на идните генерации.

## 1.1. Историски развој на предучилишното воспитание и образование

Мисли за воспитанието на децата од раната возраст може да се најдат уште во делата на Платон и Аристотел. Во текот на вековите значителни идеи за него изнесувале хуманистички ориентирани мислители: Јан Амос Коменски, Џон Лок, Жан Жак Русо, Јохан Хаприх Песталоци, како и социјал-утопистите, посебно Шарл Фурие и Роберт Овен. Овен е важен зашто, покрај Јохан Фридрих Оберлин е еден од основачите на првите установи за вонсемејна грижа за најмладите.

Предучилишното институционално воспитание како идеја датира уште од античко време, но како практично остварување има историја подолга од еден век. Во почетокот, основна функција на предучилишните установи беше згрижување и заштита на децата кои се недоволно згрижени од страна на родителите, со цел да им се обезбеди здрав и нормален развој. Вакви установи беа основани од страна на различни здруженија (во прв ред таканаречените верски или женски здруженија) и се јавуваат под следните имиња: „чувалишта“, „детски азил“, „детски домови“ и слично.

Покрај грижата за сместување и заштита на децата на помала возраст, се појавила и потреба да се овозможи адекватно воспитување за да на тој начин овие институции се повеќе почнуваат да добиваат едукативно обележје. Во ваков вид установите почнуваат да се именуваат како „мали школи“, „детски школи“, „забавишта“.

Овие установи били организирани не само како домови од интернатски тип, туку и за дневен престој на децата, што укажува дека биле наменети за, покрај децата без родители или децата кои немале адекватна родителска грижа и за сите деца без разлика на социјалната и економската состојба на родителите. Веќе во осумнаесетиот век, а особено во почетокот на деветнаесетиот, ваквите установи постојат во повеќе европски земји, како што се: Франција, Англија, Германија. Како основоположници на ваквите видови на установи за деца од предучилишна возраст, првенствено од воспитни причини се сметаат Ј.Ф.Оберлин и Р.Овен.

Извонредно голема заслуга и значење на тоа поле има и истакнатиот германски педагог Фридрих Фребел, кој прв овие детски установи ги нарекол „детски градинки“ (германски – kindergarten). Оваа име денес е проширено во многу земји, така што многу установи од овој тип го задржаа истото име. Фребел детето го сметаше за цвет, а воспитувачите како градинари кои треба да го негуваат тој цвет. Негова основна

замисла е дека на децата во предучилишниот период треба да им се овозможи физички развој, да ги вежбат своите сетила и да го развиваат својот дух во согласност со човечката природа. Во Фребеловата работа основа на воспитната работа се игрите и различни активности со соодветни дидактички материјал, сочинети од специјално одбрани играчки, наречени „дарови на Фребел". Фребеловата теоретска и практична работа ја збогати методиката на работа во предучилишните установи, а неговата интензивна педагошка активност наиде на широко одобрување од многу теоретичари и практичари: М.Монтесори, Аркина, Флерине, Усове и други.

Прв писмен доказ за предучилишна установа кај нас имаме кон крајот на XIX век во Солун која била формирана од страна на Славка Димкова познат просветител и истакнат педагошки работник на полето на предучилишното воспитание во Македонија.

Но сепак предучилишното воспитание и образование во нашата држава до средината на 20 век било слабо развиено.

Предучилишното воспитание и образование станува интегрален дел на глобалниот воспитно-образовен систем дури во почетокот на седумдесетите години.

Во 1955 е донесен Закон за социјалните установи во кои детските јасли, детските градинки и забавиштата се третираат како социјални установи.[1]

Податоците кажуваат дека во 1938 година, на подрачјето на Република Македонија единствени предучилишни установи биле забавиштата, кои главно, биле лоцирани во големите градови. Истата година биле регистрирани само 25 забавишта со 1611 деца (Камберски, 1994, стр.135).

Во 1945 година полека почнале да се создават услови за развој на предучилишното воспитание и образование. Сепак по ослободувањето статусот на предучилишните установи не бил одреден.

Предучилишното воспитание и образование значајни промени доживува во седумдесетите години. Во 1974 година донесен е Закон за воспитувањето и образованието на децата од предучилишна возраст со кој и предучилишното воспитание и образование станува составен дел на глобалниот систем на воспитанието

[1] Камберски К. Од буквар до универзитет, 1994

и образованието. А исто така со овој закон се опфаќаат и децата од првата година на животот се до поаѓање во училиште.[2]

Поголем развиток предучилишното воспитание и образование кај нас добива по 1968 година , каде Собранието на СРМ донесува Заклучоци за установите за предучилишно воспитание во кои, меѓу другото се вели: "Предшколската возраст е еден од најважните периоди во развојот на детската личност, бидејќи во оваа возраст се постигнуваат основите на целокупниот натамошен психофизички, емотивен и социјален развиток на детето"(стр.137, Камберски К. 1994).

Во почетокот непосредна причина за основање на предучилишните установи беше желбата да им се пружи заштита на децата чии што мајки се вклучени во процесот на производство и кои поради тоа често пати останувале и без онаа најнеопходна грижа и нега која е потребна за нормален развој.

Како последица на ова во нашата земја предучилишните установи се уште се под управа на Министерството за труд и социјална политика, што не случај во поголемиот број земји од Европа.

[2] Камберски К. 1994, Од буквар до универзитет

## 1.2. Предучилишното воспитание во современи услови

Денес општествено организираното предучилишно воспитание кое се спроведува во градинките претставува дејност од посебен општествен интерес и има за цел низ секојдневната воспитно-образовна работа, која ја спроведуваат стручно оспособени лица, да се влијае на севкупниот развој на детската личност. Во таа смисла може да се каже дека предучилишните установи имаат улога за згрижување, воспитување и образование на деца и подигање на воспитната улога на семејството на општествено ниво.

Општествено организираното предучилишно воспитание стана потреба не само на развиените земји, туку и на земјите во развој. Потребата за организирано предучилишно воспитание се јавува како последица на забрзаните општествени промени во светот, современиот развој на индустријата, урбанизацијата и се помасовниот број на жени кој се вклучени во општествениот живот и работа. Факт е дека под влијание на овие фактори се поголем е бројот на семејства во кои работат и двата родители.

Пред општеството се поставува задача да превземе мерки и да обезбеди услови за нормален развој на децата. Во исто време ваквото воспитување станува неопходно дополнување на семејното воспитување во смисла на планско и систематско делување на физичкиот и психичкиот развој на предучилишните деца. На тој начин се намалуваат разликите кои произлегуваат од различните социјално-културни семејни услови и се создаваат рамноправни услови за оптимален развој на сите деца од оваа возраст.

Се смета дека организираната воспитна работа во градинките може да придонесе и за поуспешно вклучување на децата во училишниот живот, како и постигнување на подобри резултати. Врз основа на некои испитувања на неуспехот во училиште кои ги спровеле многу педагози и психолози, се дошло до сознание дека причини за неуспехот, покрај интелектуалните, лежат во недоволното предзнаење на училишните деца, степенот на нивната јазична култура, а исто така и разликите во општественото однесување и емоционално-свесните особини.

Цел на предучилишното воспитување во согласност со педагошките и научните достигнувања и општите цели на воспитанието на младите генерации е да се обезбедат

услови за нормален моторички, интелектуален, социо-емоционален и естетски развој (комуникација и творештво), како основа на понатамошното воспитување и образование во училиштето.

Моторичкиот развој бара поттикнување и развој на сетилата и моториката за да се постигне прецизност на запазување, покретност, прецизност и ефикасност на движењето.

Специфични задачи на интелектуалното воспитание во овој период се: развивање на природната радозналост на детето во однос на светот кој го опкружува, развивање на сознајните способности и способностите на изразување (внимание, помнење, фантазија, мислење, говор, математичко-логично мислење).

Во областа на социо-емоционалното воспитување постојат исто така бројни и многу сложени задачи, помеѓу кои се истакнуваат: развивање на потребата и смислата за живот во заедница, врз основа на социјалното искуство да се формират основните претстави и поими за луѓето, нивната работа, живот и општествени односи, да се развие љубовта кон семејството, родниот крај, земјата, да се усвојат основните норми на општественото однесување.

Естетското воспитание (комуникација и творештво) има за задача да ја развие детската фантазија и творештво по пат на нивно сопствено изразување, цртежи, песни, движења, зборови и др., да развива чувства за доживување на природата и човечкото творештво од областа на детската литература, музика, сликовници итн.

Како посебна задача на предучилишното воспитание и образование се истакнува подготовката на децата за училиште. Тоа значи создавање на основи за успешно понатамошно учење и живот во училиштето. Станува збор за општа и посебна или специфична подготовка. Поимот специфична подготовка подразбира, знаења, претстави и умешности кои се потребни за одредените наставни предмети во училиштето. Општата подготвеност подразбира достигнување на одредено ниво на физичките, интелектуалните и емотивно-намерните способности како услов за понатамошното воспитување и образование.

Институционалното предучилишно воспитание е специфичен воспитно-образовен процес кој обединува два активни фактора: детскиот колектив и воспитувачот. Активностите се одвиваат систематично и организирано под раководство на специјално оспособен педагошки кадар. Во овие активности воспитувачот е должен во

согласност со психофизичките особености на децата од предучилишна возраст да ги остварува воспитните цели и воспитно-образовните задачи.

Особеност на општествено организираното предучилишно воспитување се изразува во содржината, методите и организацијата на педагошките активности. Содржината е одредена со програмата на воспитно-образовната работа. Воспитно-образовните активности се одвиваат спрема предвидената програма во различни форми на активности кои се организираат во текот на денот во рамките на една недела. Во тие форми на воспитно-образовната работа се вбројуваат: различни игри (творечки и игри со правила), задолжителни и насочени активности (моделирање, цртање, работа со сликовница), работа во природно катче и индивидуална работа со децата кои имаат говорни или некои други потешкотии, а исто така и со децата кои покажуваат специфични интереси. Сите овие процеси се одвиваат по пат на набљудување и усно пренесување, затоа што предучилишните деца не знаат да читаат и пишуваат како децата во училиште. Децата се поделени во три основни групи: најрана предучилишна возраст, постара предучилишна возраст, група на деца кои се подготвуваат за училиште.

Во градинките се настојува да се обединат елементите на семејниот живот, елементите на живот во населба и елементите на организираната воспитно-образовна работа, која има свој ред, ритам и дисциплина. Специфичноста на животот и работата во градинките претставува утврден распоред на активности во текот на денот. Овој распоред овозможува разновидни активности, благовремен одмор, исхрана итн. Еден од основните принципи на работа на ваквите установи е дека тие во исто време претставуваат животна и воспитна средина, односно дека во нив постои добра организација на просторот и опременост со потребни дидактички материјали и играчки.

Во последно време предучилишното воспитание и образование во најголем број на земји во светот е издигнато на ниво на национален приоритет во рамките на глобалните воспитно-образовни системи.

Основите на подсистемот на предучилишното воспитание и образование се поставени уште поодамна и нивната поставеност отвора процес за развивање на воспитание и образование. Денешниот степен на развиток на научната, општествената и демократско плурална мисла и сознанија, укажуваат на фактот и потребата дека овој потсистем е

базичен и фундаментално постулатен на останатите подсистеми. Врз него се надоградуват другите подсистеми во системот на образование.

Предучилишното воспитание и образование, како базично, во сегашните услови и прилики, исто така, треба да се насочува на поинтензивно развивање, ширење на мрежата и опфатот на децата од сите средини, социјални структури, возрасти и категории во склоп на постојните институции, да се даде можност за развивање на полудневно, повремено опфаќање, како и форми за разновидни активности за кои појавуваат интерес децата.

## 1.3. Предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија

Целта на предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија е еднаков пристап и што поголема опфатеност на децата од предучилишна возраст со најразлични проекти и програми, дизајнирани според современи трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој.

Предучилишното воспитание и образование е составен дел на образовниот систем на земјата. Тоа претставува почетен степен и основа на воспитно-образовниот систем, а особено на подсистемот на основното образование. Активностите на овој подсистем се вршат во детски градинки, кои се така организирани да можат да ги опфатат децата од сите средини, социјални групи и возраст и да организираат воспитно-образовна дејност согласно утврдените програми.

Детските градинки треба на детето да му овозможат успешно снаоѓање во средината што го опкружува, бидејќи детето таму не се подготвува за живот, туку живее. За попрецизно да се одреди нивното место во системот на образованието, треба да се согледа нивната специфичност, тргнувајќи од основната намена – да се организира образовниот процес на предучилишните деца.

Градинката претставува значаен фактор во формирањето на детската личност. Имајќи во предвид дека развојот не може да биде само последица на спонтаното физичко и психичко созревање, ниту само резултат на семејството, детските градинки всушност претставуваат еден вид на општествена грижа и помош на семејството која се базира на современи научни сознанија и поставки. Воспитанието и образованието на предучилишните деца е најзначајно како што наведовме погоре. Според А. Маријановиќ "предучилишното воспитание и образование треба да се сфати како создавање на структурирана образовна средина, во која детето ќе ги најде сите неопходни поттикнувања за развој на менталните процеси. За разлика од природната, секојдневната средина во која влијанијата се испреплетени и недоволно артикулирани, во структурираната образовна средина факторите на развој се избрани, концентрирани и нагласени".

Целокупната воспитно-образовна работа во детските градинки се изведува според програма за воспитно образовна дејност во предучилишното воспитание и образование.

Како и во поголемиот број земји во светот и кај нас предучилишното воспитание и образование е издигнато на ниво на национален приоритет. Навремено започнување со некаква форма на предучилишно воспитание и образование остава траен белег врз личноста и целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа. Раното започнување на образованието кај децата дава можност за совладување на почетните препреки кои ги носи социјалната и културната средина од кај доаѓаат децата и се развива позитивна, активна и хумана личност која верува во себе и ги почитува другите.

Опфатот на децата во предучилишните установи е различен, но недоволен, гледано територијално и временски, а се прektикува моделот на целодневен престој, полудневен престој и повремениот престој во установите. За подобрување на проблемот со недоволната рашireност на мрежата на детски градинки на територијата на Р. Македонија, укината е 0-тата година и воведено е 9 годишното образование, (позитивно од тоа е што сите деца се опфатени, меѓутоа тоа веќе е училиште каде најголем акцент се дава на образованието).

Во програмска смисла, содржините се така структурирани, пред се да ги почитуваат возраста на децата, нивните афинитети и склоности. Тоа потврдува дека и во предучилишното воспитание треба да дојдат до израз програмско-курикуларното програмирање што ќе произлегува од потребите, интересите и афинитетите на децата, а воспитувачите, педагозите и другите стручни работници треба да можат да го следат развојот, воспитанието и врз таа основа да го насочуват и едуцират во индивидуално-креативно творечко сообразено делување на воспитно-образовниот план. Но дали се успева во тоа? Промените што се случуваат на општествен план, создале можност за одредени нови процеси во развојот на предучилишното воспитание и образование. Во настојувањата на предучилишните институции да држат чекор со денешнината и современите потреби на општеството се забележува се појасно процесот на нивно трансформирање. А трансформациите се поврзани со организацијата и финансирањето на предучилишното воспитание и образование.

.

## 2. Организациска поставеност на предучилишното воспитание и образование

### 2.1. Структурна, функционална и институционална организација

Покрај останатите фактори од кои што зависи современоста и ефикасноста на воспитно-образовниот процес во земјата, од непроценливо значење е организацијата на институциите кои се занимаваат со оваа суптилна дејност, формите на управување и ефикасноста на раководењето.

Кога станува збор за организацијата се сретнуват три аспекти на овој современ феномен и тоа: функционален, структурен и институционален аспект. Функционалниот аспект покажува процес на подредување на деловите од системот во функционирањето на системот како целина. Структурниот аспект ги означува елементите од системот кои го определуват неговото значење, интеракции и врски, во самиот систем и со неговото опкружување. Институционалниот аспект покажува систем чие функционирање претпоставува остварување на однапред поставените цели.

Организацијата на воспитно-образовниот систем опфаќа мрежа на институции и организации кои на најефикасен и најсовремен начин го остваруваат воспитно-образовниот процес.

Организацијата на предучилишното воспитание и образование се занимава со проучување и отварање на процеси и перспективи кои овозможуваат целосообразеност и ефикасен педагошко-професионален систем, со нови решенија во организациско-структурниот модел на градинките за нивно поефикасно управување. [3]

Под поимот организација се подразбира обединето и усогласено функционирање на сите елементи на системот со кои се остваруват воспитно-образовните цели и задачи во предучилишната установа. Проблематиката која ја опфаќа поимот на организацијата е многу широка. За процена на некој аспект на организацијата потребно е да се запрашаме која е неговата намена, во која мера со него се олеснува и унапредува развитокот и учењето на децата кои ја посетуваат градинката. Организацијата не се проценува преку поставената цел на воспитанието, туку нејзината вредност се

[3] Образовен менаџмент

проценува преку успешноста на остварувањето на целта со која се придонесува кон формирање на слободна, сестрано развиена, творечка личност. При поставувањето на барањата за организација во предучилишната установа, се поаѓа од целта на воспитанието воопшто и од улогата на градинката во организирањето на заедничкиот престој на децата. Како конечна цел е постојаното подобрување на условите за детскиот развој и за учење имајќи ја во предвид актуелната средина, стекнатото искуство на секое дете и неговиот иден развој. На детето му се обезбедува активно учество во заедницата на деца слични на него, во услови кои му се прилагодени нему, на неговите можности, интереси и развојни потреби. Организираноста на детската градинка треба да биде во согласност со еманципаторското сфаќање на воспитанието како овозможување и унапредување на целосните потенцијали на личноста на детето.

Организацијата на работата на детската градинка треба да биде прилагодено, колку што е тоа можно на секое дете, односно да бидат индивидуални постапките, барањата и критериумите на вреднување на напредокот на секое дете, така што секоја индивидуа е мерило сама за себе, а не на просечните вредности добиени за другите деца. Треба да се стреми секое дете да биде активно на највисоко ниво за кое е способно и да му се овозможи примена, вежбање и развој на способностите кои се најактуелни во одреден момент. Затоа секоја содржина и активност треба да бидат понудени во вистинско време и на соодветен начин, во согласност со актуелното искуство на децата, нивните потреби и интереси, како појдовна основа за стекнување на нови искуства за развој на потребите и интересирањата.

## 2.2. Законска регулатива

Основите на системот на организација на предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија е регулирано со следните документи:

- Закон за заштита на деца (Сл. весник на РМ бр.23/213)

- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детската градинка (Сл. весник на РМ бр.35/009)

- Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години (Министерство за труд и социјална политика во соработка со UNICEF-2009)

- Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015

- Основите на програмите за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки (Сл. весник бр.125/007)

Според Законот за заштита на деца (член 17) систем за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст сочинуваат сите правни и физички лица чија основна дејност е вршење на работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Под правни лица се подразбират:

- детски градинки

- центри за ран детски развој

- агенции за давање на услуги од оваа дејност

Денес основа на системот на предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија ја сочинуваат **детските градинки** и затоа на нив даден е акцент во овој труд.

Според Законот детските градинки може да бидат **јавни и приватни установи**.

Јавни установи се правни лица основани од страна на општината, општините на градот Скопје и Владата на РМ.

Приватни установи се правни лица основани од страна на домашни или странски физички или правни лица.

Предучилишното воспитание и образование е многу комплексен систем во кои освен градинките вклучена е директно или индиректно низа на други општествени субјекти:

- Министерство за труд и социјална политика (законска регулатива и надлежност)

- Министерство за образование – Биро за развој на образование (програмски основи)

- Министерство за финансии (финансирање преку Буџет)

- Систем на средно и високо образование (формирање на кадри за предучилишни институции)

- Систем на основно образование (иден чекор во воспитанието и образованието на детето)

- Локална самоуправа (надлежност и финансирање за установи на нивна територија)

- Семејство (совет на родители, здруженија на родители)

- Инспекциски органи

- Културно-уметнички институции

- Спортско-рекреативни организации

- Здравствени установи

- Еколошки здруженија

- Медиуми и др.

За да се постигне воспитно-образовната цел потребно е координираност и синергетско делување на сите овие субјекти.

## 2.3. Педагошка организација на детските градинки

Педагошката организација на јавните детски градинки се заснова врз "Основите на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки", издадено од Министерството за труд и социјална политика, а е подготвено од Бирото за развој на образованисто (Сл весник на РМ бр. 125/2007).

Основите на програмата се плод на работа на тим од педесетина експерти од различни подрачја на воспитание и образование.

Изготвувањето на програмата се актуелизира со новата законска регулатива за заштита на децата. Тоа е национален документ, усогласен со современите општествено-демократски и плурални движења кај нас, воедно и со Уставот на Република Македонија, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.

Стручно-научните согледувања укажуваат на тоа дека првите седум години од животот на човекот се фундамент на воспитанието и образованието на секоја индивидуа.

Овој документ се заснова на согледувањата добиени од анализата на претходните програми, а во неа се вградени, покрај стручно-научните сознанија за интелектуално сознајните и менталните потенцијали на детето од 8-месечна до 5-годишна возраст, позитивните ефекти од реализацијата на проектот „Чекор по чекор", како и од проектите „Граѓанското образование", „Приоди кон визуелно размислување" и „Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта". Овој документ е наменет за воспитувачите, како непосредни реализатори на воспитно-образовната работа, стручните соработници и директорите во јавните детски градинки.

Основи врз кои е изготвен програмскиот документ се: Стручно-научна оправданост, принципи во градењето на програмскиот документ, улогата на **воспитувачот**, **планирање** на воспитно-образовната работа, **простор**, организација на **времето** и соработка со **родителите**.

Општествено-демократските движења бараат доследна практична примена на стручно-научните сознанија, како и доследна примена на хуманистичкиот теоретски, педагошко-психолошки процес во толкувањето на детската личност. Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и развојни потенцијали, бара негово поставување во партнерски однос со сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

Принципи кои се користени во градењето на овој програмски документ се:

- Принцип на демократичност

- Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата

- Принцип на мултикултурализам

- Принцип на усогласеност со возрасните каракеристики

- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој

- Принцип на целосност и интегритет

- Принцип на развојно-процесен пристап

- Принцип на индивидуализација

- Принцип на активно учење и поттикнување можности на вербализација и други начини на изразување

- Принцип на животност

- Принцип на доминација на игра

- Принцип на критичко вреднување. [4]

Улогата на воспитувачот се состои во следење, почитување, водење, соработка, планирање, поттикување и многу други работи.

Воспитно-образовната работа се планира, а и реализира интегрирано. При планирањето воспитувачот јасно и прецизно ги дефинира целите на воспитно-образовната работа, а потоа определува активности со кои најефикасно ќе се реализираат определените цели.

Реализацијата на програмскиот документ условува постоење на здрав, сигурен и пријатен простор, исто така тој да биде флексибилен и стимулативен.
Организацијата на времето зависи од возраста на децата и тоа е прилагодено на нивната возраст. Програмата исто така обрнува внимание и на соработката и вклучувањето на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во групата.

[4] Закон за заштита на деца

Програмата е поделена во зависност од возраста на децата во две основни групи кои понатаму се делат на помали групи и тоа според возраста. Двете групи се: за деца од најрана возраст од 8 до 24 месеци (поделена е во три групи: деца од 8 до 12; деца од 12 до 18; и деца од 18 до 24месеци), за деца од постара предучилишна возраст од 2 до 6 години ( поделена е во 4 групи: деца од 2 до три години; деца од 3 до 4 години; деца од 4 до 5 години; и деца од 5 до 6 години).

Воспитно-образовната работа е поделена на пет подрачја и тоа: социјален развој, емоционален развој, моторички развој, комуникација и торештво, и интелектуален развој.

Реализацијата на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во градинките ја имплементираат воспитувачите, негувателите, стручните соработници и стручните работници чии вид и степен на образование е утврден во Законот за заштита на децата.

Но доколку се работи за приватните детски градинки, нивната програма може да се одвива согласно програмата од член 52 на Законот за заштита на децата, и за тоа одлучува органот на приватната градинка, но доколку се одвива според посебни педагошки и други принципи и начела, мора да биде разгледана од страна на комисија која ја формира Министерството и тоа еден член од Бирото за развој на образованието, еден член од специјализирана стручна установа и еден член од Министерството.

Програмата за работа, детската градинка е должна да ја донесе најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната.[5]

### 2.3.1. Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години

Првите години од детскиот живот се години во кои се стекнуват првите искуства за понатамошниот развој и успех во животот. Развојот и учењето во првите години од животот се од исклучителна важност за детето.

[5] Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст

Воведувањето на стандардите сега се повеќе го опфаќа и периодот на раниот и предучилишниот период (образование базирано на стандарди кои ги даваат посакуваните резултати или образовните очекувања за децата од 0 до 6 години).

Стандардите се презентирани по развојни домени, а развојниот процес кај децата се одвива континуирано, преку сите домени, а тие се поврзани и децата учат со надоградување на веќе постоечките знаења. Стандардите презентират очекувања коишто треба да ги достигнат децата за предучилишна возраст во разни домени на развој (физичко здравје и моторен развој, социо-емоционален развој и когнитивен развој).

Во раниот детски развој, обезбедувањето на стимулативна и безбедна средина за квалитетно рано учење е претпоставка за постигнување на понатамошен успех во рамките на образовниот систем кај секое дете. Стандардите за рано учење и развој се базирани на следните водечки принципи и вредности:

- На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здраствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем;

- Сите деца може да учат. Тие заслужуват високи очекувања во достигнувањата во процесот на учењето, кои се во согласност со возраста и социо-културолошките карактеристики;

- Децата најдобро учат преку игра;

- Средината треба на децата да им овозможи да се чувствуваат безбедно и да ја потикнува нивната љубопитност и да ги задоволува нивните потреби;

- Развојот кај децата е условен од квалитетни воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено професионално унапредување и развој на соработката со децата и родителите;

- Почитување на личноста и индивидуалните карактеристики, потреби, интереси и можности на секое дете;

- Стандардите ги опфаќат сите домени од развојот на детската личност преку холистички пристап без фаворизирање на поедини демони;

- Заедничко делување со семејството и заедницата;

- Сите деца имаат потенцијал во најголем дел да ги постигнат очекуваните стандарди за одредена возраст преку соодветни инструкции и стимулации.

Очекувани вредности кои децата треба да ги добијат со достигнување на Стандардите за рано учење и развој се: независност, креативност, иницијативност, одговорност пред себе и околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, почит кон заедницата и државата во целост.

Стандардите за рано учење и развој укажуваат што децата знаат и можат да направат на одредена возраст. Како главни реализатори за стандардите на раниот развој се воспитувачите, директорот и целиот тим во градинката. Односно тие имаат главна улога за препознавање стимулација и употреба на стандардите во детските градинки.

Стандардите може да се применуват во сите околности каде имаме згрижување, воспитување и образување на деца од 0 до 6 години (во семејството, во детските градинки, во детските центри за рекреација, како и разни неформални облици на згрижување и воспитување на децата).

Има направено поделба по возрасни групи врз основа на која се организира работата на детските градинки и поделба на децата по групи.

Поголем број истражувања укажале на поделба на детскиот развој и учење во пет основни домени и тоа:

- Физичко здравје и моторен развој;

- Социоемоционален развој;

- Развој на пристап кон учење;

- Развој на јазикот и стекнување на општи знаења.

Овие домени укажуват на тоа во која насока треба да се движиме при работата во детската градинка. Со помош на стандардите всушност се гледа што всушност треба да прави детето на одредена возраст како и соодветно да се искористат материјалите со кои располага градинката, односно кои помагаат подобро да се организира детската градинка.[6]

---

[6] Стандарди за рано учење и развој

### 2.3.2. Организациска поставеност на детските градинки во Р. Македонија

Предучилишното воспитание и образование во Македонија е организирано и се остварува во организациите за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст, донесен со Законот за заштита на децата од службен весник бр.23/2013.

Згрижувањето и воспитанието на предучилишните деца како дејност организира престој, нега, згрижување, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, активности за зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на децата до 6 годишна возраст, т.е додека да тргнат во училиште. [7].

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст се обезбедува во детски градинки. Јавните детски градинки обезбедуваат престој и исхрана на деца од 8 месеци до 6 години па и поголема возраст. Запишувањето на децата се врши цела година врз основа на пријава која ја пополнуваат родителите, а кога детето ќе тргне во градинка се пополнува договор помеѓу двете страни, со кој особено се регулираат меѓусебните односи помеѓу истите, квалитетот на услугата, начинот на плаќање, изборот на програмата, должината на престојот на детето во установата и други прашања во врска со заштитата на детето и дејноста на градинката. Доколку има поголем број на деца отколку што е предвидено, за приемот решава комисија за прием на децата, а комисијата ја именува директорот. Доколку не се задоволни родителите од решението на комисијата, со жалба за тоа решава Министерството.

Детската градинка врши дејност според програми, а родителите имаат право на избор на програма за своите деца, а градинките се должни да им ги претстават програмите, нивните цели, содржини и методи на работа. Во јавните детски градинки активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо, а додека за децата на припадниците на другите заедници воспитно-образовните активности се изведуваат на соодветниот јазик.

[7] Закон за заштита на деца член:42

Плановите и програмите за воспитно-образовната дејност на јавна детска градинка ги изготвува Бирото за развој на образованието, а по предлог на Педагошката служба ги донесува министерот за труд и социјална политика.

Другите планови и програми за остварување на дејноста на јавна детска градинка ги изготвува научна установа, односно специјализирана стручна установа, а ги донесува министерот за труд и социјална политика.

Градинките исто така организираат згрижување и воспитание и на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

Доколку постои интерес за некои активности кои се специфични а се во насока за јакнење на личноста на детето, градинката може да ги организира. Но програмите за тие активности ги донесува директорот на детската градинка по претходен предлог од страна на стручен тим, а секако тоа го одобрува управниот одбор.

Детските градинки обезбедуваат здравствена заштита, исхрана и дневен престој на деца во согласност со нивните развојни потреби на возраст до 6 години, во повеќе видови групи.

Детските јасли- вршат функција на комплетна нега и остваруваат одредено воспитно влијание врз децата на возраст до 2 години.

Градинките систематски се занимаваат со воспитание и образование на деца на возраст од 3 до 6 години.

Тие се поделени во три групи и тоа:

- мала;
- средна;
- голема група

Комбинираната група на деца систематски се занимава со згрижување, воспитание и образование на деца на возраст од 12 месеци до 6 години.

За деца со пречки во интелектуалниот или во физичкиот развој се сметаат: слепи и слабовидни деца, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност, како и деца со тешкотии во однесувањето на личноста. Згрижувањето и воспитанието на овие деца се организира во редовните групи.

Вонинституционалните групи се форми на активности наменети за деца на возраст од 3 години и опфаќаат: игровни активности, креативни работилници, детски работилници од областа на културата и уметноста, спортски активности и слично. Други групи (престој и исхрана) се групи што ги згрижуваат школските деца пред или по завршена настава во училиште во кои нема дневен престој.

Детската градинка според времетраењето остварува програма за:

- Целодневен престој;
- Полудневен престој;
- Скратени програми;
- Пилот програми и
- Вонинституционални форми за активности со деца.

Детските градинки може да остваруваат програми за продолжен престој доколку има потреба поради работното време на родителите.

Програмите за целодневен престој траат од 8 до 11 часа и може да се изведуваат претпладне, попладне, целодневно или наизменично. Програми за полудневен престој траат од 4 до 6 часа и може да се изведуваат претпладне, попладне или наизменично. Скратени програми кои траат од 240 до 600 часа годишно. Програми за целодневен престој и програми за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќа згрижување и воспитување на децата. Скратени програми се наменети за деца од недоволно развиените подрачја, на возраст од три години до поаѓање во училиште и опфаќа згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата.

Работата во детската градинка се организира во групи, во зависност од возраста на децата и тоа:

| | |
|---|---|
| - До 12 месеци | од 6 до 8 деца |
| - Над 12 месеци до 18 месеци | од 8 до 10 деца |
| - Над 2 години до 3 години | од 12 до 15 деца |
| - Над 3 години до 4 години | од 15 до 18 деца |
| - Над 4 години до 5 години | од 18 до 20 деца |
| - Над 5 години до 6 години | од 20 до 25 деца |

По исклучок од став 1 на член 55 од Законот, во зависност од возраста на децата, може да се организира:

Хетерогена група

| | |
|---|---|
| - до две години | од 10 до 12 деца, |
| - од две години до поаѓање во основно училиште | од 18 до 20 деца |

Комбинирана група

| | |
|---|---|
| - од 12 месеци до поаѓање во основно училиште | од 15 до 20 деца |
| - Група деца со пречки во развојот | од 5 до 8 деца. |
| - Група на деца од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години | од 20 до 30 деца. |

Во групите може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во тој случај бројот на децата во групата се намалува за две деца. Исто така може и да има поголем број на деца во група или помал број на деца од утвдениот број на деца, за што согласност дава управниот одбор. Во детските градинки може да се воведат нови воспитно-образовни содржини, форми, методи и средства. Во детските градинки за да се зачува здравјето на децата, тоа постојано треба да се следи, а тие имаат постојана соработка со здравствените установи, заради превентивни мерки за заштита на децата. И доколку се наруши здравствената состојба да се известат родителите, но доклоку има поголем број на заболени деца, веднаш треба да се извести надлежната здравствена установа и Министерството за труд и социјална политика.

Според член 59 од Законот, Јавните детски градинки донесуваат годишни програми за работа кои содржаат: организација и работно време на градинките, програми на градинката, распоредување на децата во групи, работата на директорот и другите стручни работници, соработката со родителите, другите установи, фондации, здруженија, активност за вклучување на децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените, работата на стручните соработници и други работи за да се оствари дејноста.

Општински детски градинки и детски градинки на општината во Градот Скопје, општината и општината во градот Скопје, советот на општината во Градот Скопје донесува одлука за основање на градинка, но по претходно мислење од Министерството. Средствата за основање и работа на установата ги обезбедува основачот. Установата може да почне со работа доколку е обезбеден потребниот број на деца, согласно нормативите, просторни услови, опрема, средства, програма, стручен кадар. Стандардите за вршење на дејноста ги донесува министерот.[8]

### 2.3.4. Планирање на воспитно-образовна работа

При планирањето јасно и прецизно се дефинирани целите на воспитно-образовната работа, а потоа се определуваат активностите со кои најефикасно се реализираат определените цели.

При планирањето се користат модели на глобално планирање, периодично планирање, тематско планирање, дневно (оперативно планирање).

Глобалното планирање содржи: глобални цели, структура на домени (воспитно-образовни подрачја), структура на субдомени (теми), структура и број на активности, време на реализација, планирање на услови (средства, простор, извори за подготовка), определување на степен на постигнување на децата, определување на начин на вреднување на постигнатото.

[8] Закон за заштита на деца

Периодично планирање опфаќа: определување на темите, дефинирање на содржините и времетраењето на секоја тема, определување на времето, бројот и видот на активности за секоја содржина, временски определби и распределба на секоја тема.

Тематско планирање овозможува: појасна широчина во однос на темите, подетално планирање на средствата, конкретизирање на активностите, помош при дневното планирање, подобро планирање на развојните потреби и можности на децата.

Дневното планирање се состои во три фази:

- планирање активност: мотивација, цели, претходни знаења и искуства, распределба на средства и време, форми на работа;

- планирање за време на активноста: евокација, разбирање на значењето, рефлексија, завршни активности;

- планирање на активноста: екстензија.

При планирањето посебно се води грижа за надарени деца, како и за децата со потешкотии во развој, за кои се планираат и индивидуални активности.

## 2.4. Простор

Програмскиот документ условува постоење на:

- здрав, сигурен и пријатен простор ( надворешен и внатрешен);

- флексибилност и стимулативност на просторот;

- простор за осамување.

Организацијата на просторот е флексибилна и нуди можности за организирање на активности во поголема, помала група, индивидуална работа, како и за времето за осамување. Активното учење наметнува организирање на катчиња за учење: семејно-драмско, математичко, библиотетско, катче со вода и песок, градежно, музичко, истражувачко, уметничко, еколошко, куклено, мали сцени за куклени претстави, катче за изложба на детските творби. Отворањето на катчињата за работа зависи исклучиво од целите испланирани во дневниот план.

Материјалите во катчињата треба да бидат: организирани, јасно наредени, чисти и уредни; достапни за децата; набљудувани, оценувани и постојано збогатувани. Постојано да се збогатуваат и со неструктуиран материјал, а децата да се поттикнуваат да прават независни избори за слободни и организирани активности.

Реализацијата на програмскиот документ условува постоење на здрав, сигурен и пријатен простор, исто така тој треба да биде флексибилен и стимулативен.

## 2.5. Организација на време

Организацијата на времето зависи од возраста на децата и тоа е прилагодено на нивната возраст. Програмата исто така обрнува внимание и на соработката и вклучување на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во групата.

Според програмата во предучилишното воспитание и образование, активностите на децата во текот на еден ден се одвиваат според следниот распоред:

- прием на деца, слободни игри и утринска гимнастика
- подготовка за појадок и појадок
- слободни активности
- насочени активности
- слободни игри, прошетка и престој на воздух
- подготовка за ручек и ручек
- пладневен одмор
- попладневни активности
- испраќање на децата

Во процедура е изготвување нов Закон, кој треба да се донесе до крајот на 2014 година, а со него се предвидува пофлексибилен распоред на времето, но сепак ќе биде запазен обемот и карактерот на воспитно-образовните активности.

## 2.6. Опфат на деца со предучилишното воспитание и образование во Р.М.

Според податоците од Државниот завод за статистика во Република Македонија вкупниот број на деца во јавните детски градинки од 2008 година до 2012 се: Во 2008 година вкупниот број на деца во детските градинки изнесувал 21714 деца, во 2009 година вкупен број на деца во јавните установи за згрижување и воспитание на деца-детски градинки изнесува 22213 што претставува зголемување за 2.3% во однос на 2008 година. Со годишните извештаи се опфатени 52 јавни установи за згрижување и воспитание на деца-детски градинки. Во 2010 година вкупниот број на деца во јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки изнесува 23157 што претставува зголемување за 4,2% во однос на 2009 година. Со годишните извештаи се опфатени 54 јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки. Овие установи им обезбедуваат згрижување, заштита, исхрана и дневен престој на децата во согласност со нивните развојни потреби на возраст до 6 години, во повеќе групи. А во 2011 вкупен број на деца во јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки изнесува 25056 што претставува зголемување за 8.2% во однос на 2010 година. А во 2012 е зголемено за 7,3% во однос на 2011.

Со следната табела ќе ги прикажеме јавните детски установи за згрижување и воспитание на деца-детски градинки во Република Македонија.

Табела бр. 1: Број на јавни детски установи во Р. Македонија

| | Вкупно јавни установи за згрижување и воспитание на деца – дедски градинки | Вкупно деца | Вкупно вработени | Деца кои не се примени поради пополнет капацитет | Деца под старателство |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 54 | 23157 | 3739 | 723 | 1 |
| 2011 | 54 | 25056 | 3815 | 720 | 4 |
| 2012 | 57 | 26885 | 3973 | 847 | 7 |

### 2.6.1. Трендови во запишување на децата во детските градинки

Република Македонија во својата Национална стратегија за развој на образованието 2005-2015 донесе една јасна и особено важна одлука за политиките во областа на Раниот Детски Развој (РДР). Македонија одлучи опфатеноста на децата од предучилишниот период да биде на едно повисоко ниво. Но посебно внимание сакаше да обрати на маргилизираните групи и области. Вршени се анализи за трендовите за запишување на децата во установи, т.е. официјалните детски градинки кои повеќе децении се единствени установи за згрижување и воспитување.

Разгледуван е вкупниот број на запишани деца во детски градинки во период од 2000-2012.

Графикон бр. 1: Вкупен број на деца во детски градинки во Република Македонија, 2000-2012




Јасен е фактот дека вкупниот број на запишани деца е преполовен помеѓу 2006 и 2007 а тоа е се должи на промената на возраста на која децата тргнуват во училиште, од седум на шест години, односно воведувањето на деветолетката во основното училиште. Од табелата се гледа дека бројот на деца од 2007 година до 2011 година постепено расте и бројот на деца од 2011 година во однос на бројот на деца од 2007 година е зголемен. .

До 2004/2005 година, предучилишното воспитание ги опфаќаше децата на возраст од 0 до 7 години во јасли, градинки (мала, средна и голема група), забавиштата при

предучилишна организација и забавиштата при основно училиште. Од 2005/2006 година детските градинки ги опфаќаат децата на возраст до 6 години во повеќе видови групи (јасли, градинки, комбинирани групи, деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој, групи за вонинституционална форма на активност, подготвителна група од основното образование (о група) и други групи (престој и исхрана).

Меѓутоа од горниот графикон изоставена е возраста на децата, и би можела сликата за одредени возрасти да не е толку променета.

Од графиконот бр. 2 што ќе го прикажеме подолу ќе видиме како се движи бројот на деца според возраста.

Графикон бр. 2: Запишани деца според возраста во формалните детски градинки во Македонија, 2000-2012




**Извор:** Податоци од Државен завод за статистика

Во нашата држава долг е патот да може да се постигне предучилишните деца да бидат во градинка.

## 3. Кадровска поставеност на предучилишното воспитание и образование

Сите вработени во детските градинки на директен или индиректен начин се вклучени во воспитно-образовниот процес на децата. Без разлика дали се директно вклучени во работата со децата или не, тие го претставуваат тимот на градинката и го градат нејзиниот имиџ како установа. Најголемо значење имаат професионалната стручност и човечките вредности кои ги поседуваат личностите кои се дирекно вклучени во работата со децата и во непосредниот однос со родителите.

Стручните работи за згрижување и воспитание ги вршат:

- воспитувачи

- негуватели

- стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, логопет, лекар, педијатар и стоматолог)

- стручни соработници (музички педагог, ликовен педагог, педагог по физичко воспитание, виша медицинска сестра, социјален работник).

Стручните работници може да бидат лица со завршено високо образование, стручните соработници можат да бидат лица со завршено више или високо образование.

Неговатслките можат да бидат лица со завршено четиригодишно средно образование. Згрижување и воспитани на деца на возраст до две години остварува негувател, а додека згрижувањето и воспитанието на деца од две години до поаѓање во основно остварува воспитувач и негувател. Додека престојот на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст, остварува воспитувачот. Негувателите се лица со соодветна средна стручна спрема, меѓутоа треба да имаат завршен професионален курс.

Воспитувачите во детските градинки се лица со завршено соодветно високо образование за воспитувачи. Исто така воспитувачот во детска градинка може да биде и лице со завршени соодветни студии за предучилишно воспитание-отсек педагогија. А воспитувачи кои работат со деца со пречки во развојот треба да имаат завршено специјалистички студии по дефектологија.

Стручните работници се лица со соодветно високо образование, а додека стручните соработници се лица со соодветно вишо или високо образование.

Директорот во јавна детска градинка дава овластување за работа згрижување и воспитание на деца од страна на волонтери кои се квалификувани за тој вид на работа или поминале низ обука за вршење на таа работа.

Стручни работи во детска градинка вршат и правник и економист со завршено високо или више образование.

Административните, готварските и техничките работи во детски градинки ги вршат работници со завршена стручна спрема.

Работниците во установите за деца, може да бидат лица државјани на Република Македонија, физички и психички здрави, го познават македонскиот јазик и кирилското писмо и немаат изречено забрана за вршење професија, дејност или должност. А доколку станува збор за установа каде воспитно-образовните активности се изведуваат на припадниците на заедниците треба и истиот да го познават.

Работниците во детските градинки треба постојано да се образуваат, а нивното стручно усовршување го пропишува Министерот.

За современо воспитание и образование во јавните детски градинки, воспитувачите, стручните работници и стручните соработници се оценуваат секоја четврта година.

Орган на управување во јавна детска градинка е управен одбор. Тој донесува статут на градинката, предлага годишна програма за работа, финансиски план, годишна сметка, објавува јавен оглас за избор на директор и предлага на градоначалникот на општината и на градоначалникот на општината во градот Скопје еден од кандидатите за директори. Донесува акт за организација и систематизација на работа, одлучува по приговори и жалби на вработените, одлучува по жалби на корисниците на услуги, и разгледува и одлучува за други работи утврдени со закон и статут. Управниот одбор го сочинуваат седум члена и тоа:

- претставници на основачот;

- претставник од јавната установа за деца;

- претставник од родителите на децата;

- претставник од единицата на локалната самоуправа.

### 3.1. Директор – менаџер на градинката

Организацијата и раководењето со јавната детска градинка основана од општината и Градот Скопје ја води директорот. Директорот донесува одлуки што се од негова надлежност, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата. Директорот ја предлага годишната програма за работа, ги извршува одлуките на управниот одбор, одлучува за засновање и престанок на работен однос на работниците за вршење на дејноста, согласно закон, актите и договорот, врши распределба на работниците, поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот, поднесува извештај за реализирање на програмите до управниот одбор, основачот и Министерството, поднесува извештај за реализација на материјално-финансиското работење на установата до управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење.

Сите истражувања покажуваат дека лицата во улога на директор мора да располагат со многу особини и карактерни линии кои другите соработници не мора да ги имаат. Така на пример од директорот се бара (очекува):

- хармонија или складност на мисли, зборови и дела;
- доследност, критичност и самокритичност;
- креативност;
- поседување на општа култура;
- интерес за стручни и научни достигнувања;
- толерантно однесување;
- културно и емпатично однесување.

Освен нив директорот треба да поседува и одредени способности. Тие се групирани во пет групи:

- техничка способност: способност за извршување на специфични активности како што се примена на методи, процедури и техники; успешно работење со техниката; познавање на организацијата на воспитно-образовниот процес; аналитичка способност; способност за управување и др.

- човечка способност: таа подразбира способност за тимска работа; ефективно работење во група; работа со луѓе; почитување на воспоставена хиерархија; оспособеност за комуникација и разбирање; создавање на атмосфера на доверба и сигурност; способност за охрабрување и мотивирање; способност за разрешување на конфликти; способност за создавање на атмосфера на авторитет и др.

- концепциска способност: да се гледа институцијата како целина; да се препознава меѓусебната зависност на сите учесници; да се препознаат односите во колективот; да се подобрува благосостојбата во институцијата; способност за размислување и планирање на активности; способност за донесување на најсложени одлуки и др.

- аналитичка способност: способност да анализира и да употребува соодветни техники; да анализира проблеми и да ги проценува можностите на институцијата и луѓето; да применува научен и логичен метод; способност да утврдува корелативни врски меѓу настаните; способност за препознавање на релации и појави во општеството и др.

- способност за одлучување: способност за донесување на одлуки; способност за селектирање на битното од небитното; способност за селекција на акциите; способност за подготвување на одлуки др.

Слика бр. 1: Поврзаност на детската градинка преку директорот со другите фактори во средината



За унапредување на работата на градинките раководните лица, воспитувачите, негувателите, стручните работници и стручните соработници меѓусебно треба да соработуваат како едно тело.

Институционализираната едукација во центар на иновативните промени мора пред се да има креативен лидер, едуциран спрема современите теории на организација. Без тоа во градинките нема акцелеративно промени и напредување. Тој мора да биде едуциран за да креира нова визија и за да ги институционализира актуелните творечки промени. Треба да ги открива привлечните идеи и да ја артикулира изведбата на курикуларните содржини врз креативни основи, да предлага приоритети во постоечките стандарди, да ги препознава проблемите на организација и потребите на вработените и да ги воопштува принципите на водењето.

Стручниот совет го сочинуваат стручните соработници и стручните работници заедно со директорот. Негова задача е да ги утврдува стручните основи за остварување на програмата со работа, дава предлози и мислења во однос на организацијата на работата и условите за работа, и врши други функции предвидени со статутот.

Педагогот (во соработка со директорот) е главен промотор за креирање на идеи и насочување на енергијата во процесот на промена. Воведувањето на промените треба да биде во согласност со теоретските достигнувања и напредувањето на праксата. Педагозите помагаат во креирањето на силна и привлечна идеја, создаваат стратегија како таа да се оствари, ја артикулираат визијата (содржините и активностите), покажуваат со личен пример, го планират времето за практично делување со избегнување на непотребните активности и ја прошируваат можноста на изборите.

За воведување на педагошки, креативни и дидактички промени во градинките и програмата поголем успех ќе имаат оние педагози кои се одликуваат со следните особини: креативни, иницијативни, да имаат организациски способности, реално-критичко мислење, да ги надминуваат конфликтите, лично да се мотивирани, да го унапредуваат личниот развој и развојот на другите, успешно да комуницираат. Вклучувањето на одредени иновации во педагошката работа треба да се согледа во контекстот на комуникација во релација поединец – тим. Само со заедничко и комбинирано творечко делување на поединецот и тимот е можно да се очекуваат планираните резултати.

## 3.2. Улогата и значењето на воспитувачите во детските градинки

Воспитувачот како фигура професионално низ својата работа и лично со своите ставови директно врши инпакт врз децата затоа што е одговорен за нивното воспитание и образование и врз родителите затоа што тој е првенствено задолжен за комуникацијата со родителите.

Воспитувачот е клучна фигура во воспитно-образовниот процес. Тој мора да биде пример, како за децата и колегите, така и за родителите, но и за општествената заедница во која што живее.Покрај тоа што воспитувачот треба квалитетно да ги понуди своите способности и капацитети во својата работа, тој мора да се поистовети со детето и да му помогне во личните и семејните проблеми, односно да биде личност на која детето може да се потпре.

Воспитувачот треба да биде активен член на целиот колектив на градинката, а тоа го става детето во центарот на воспитно-образовниот процес и му помага да стане главен протагонист на сопственото воспитание.

Улогата на воспитувачот се состои во:

- следење на детскиот раст и развој индивидуално;

- почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирање и реализирањето на воспитно-образовната работа;

- мотивирање на децата кон различни видови активности;

- водење на Досие на детето;

- развивање кај децата процес на самовреднување;

- соработување со семејството;

- почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;

- реално планирање, усогласување со можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина;

- тимско работење, соработка со стручни, научни и други институции во пошироката средина;

- обезбедување стимулативна средина, позитивна социо-емоционална клима, нагледност и автентичност во воспитно-образовниот процес;

- поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализацијата на целите и др.

Покрај професионално знаење, воспитувачот мора да поседува и темелни познавања од областа на уметноста, науката, културата; мора да поседува желба за истражување, да работи на нови проекти, на нови спознанија.

Но пред се, најважен е примерот на воспитувачот.

Тој мора да биде пример, како на децата и колегите, така и на родителите и на општествената заедница во која живее.

Воспитувачот треба да биде активен член на тимот, на целиот колектив на градинката.

Вистинскиот воспитувач, пред се, тежнее кон сопствената изградба; тој е оној кој дава подршка, кој насочува, кој се бори, кој верува во промените, кој влева храброст.

## 3.3. Доживотно учење

На ниво на целиот колектив треба да се има програм на перманентно усовршување, врз основа на кои се прават индивидуалните програми. Тој програм содржи четири видови на програм:

- формален програм – овој програм го нудат и реализират одредени институции (Биро за развој на образование или факултети и сл.)

- програм на работното место-усовршување го прави установата или поединец;

- менторски систем – поискусните и поспособните воспитувачи им помагаат на почетниците и на оние кои заостануваат во својата работа;

- мешовит програм – заеднички програм на градинката и на другите фактори кои работат на стручното усовршување на воспитувачите: Педагошки факултет, Филозофски факултет и др.

Перманентното образование треба да се спроведува во рамките на секој колектив и за него е потребно да се направи план на обука. Тој план ги има следните структурни елементи:

- цел: она што се сака да се постигне, она што треба да го поседува секој воспитувач по завршената обука;

- задачи: она што треба да се научи, ниво на оспособеност и функционалност на воспитно-образовните задачи;

- организација: определување на план и програм, средства, извршители, место и време.

Педагогот и директорот особено треба да се ангажирани во реализацијата на програмите на стручно усовршување на воспитувачите. На тој начин се утврдува глобалната стратегија на усовршување на членовите на колективот, а со тоа ќе се обезбеди во организацијата единствен систем на воспитно-образовната работа и ќе се создадат перспективи за постојано внесување во работата. Програмата треба да овозможи секој воспитувач да ја совлада современата педагошка и психолошка теорија, дидактика и методика.

# 4. Финансирање на детските градинки

## 4.1. Приходи на јавни установи

Средствата за финансирање на јавните детски градинки се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија на начин и постапка утврдени со закон. Средствата се распоредуваат на општините и на општините на Градот Скопје по пат на блок дотации и наменски дотации согласно со закон. Општината и општината во Градот Скопје средствата ги расподелуваат на јавните детски градинки на своето подрачје за обезбедување на реализација на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст во согласност со утврдените стандарди и нормативи за вршење на дејноста. Исто така може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за подигање на стандардот и квалитетот на објектите и услугите на јавните детски градинки со средства од сопствени извори од буџетот на општината и буџетот на општината во Градот Скопје.

Исто така средства може да се обезбедат и од: фондации, подароци, легати, завештенија, средства по основа на солидарност и други извори. Градинката може да обезбеди средства и од: корисниците, продажба на сопствени производи и услуги и др.

Јавната установа за деца може да оствари средства и по основа на вршење други облици и форми, односно услуги од повисок квалитет од утврдените со стандардните и нормативите утврдени со законот. Разликата во цената паѓа на товар на родителот-корисникот. Но за тоа мора да добие согласност од страна на основачот.

Детските градинки стекнуваат средства за работа со извршување на годишната Програма во која е утврден видот, обемот, содржината и квалитетот на услугата.

Цената во јавните детски градинки и износите на надоместокот на трошокот за престој во градинка што паѓа на товар на родителите чии деца престојуват во истата, ги утврдува советот на основачот на предлог на управниот одбор.

Основа за уплата на родителите е цената на програмата во која е вклучено детето.

Министерството во јавните детски градинки врши контрола на вистинитоста на податоците кои истата ги доставува до министерството, коко и користењето на средствата од Буџетот на Република Македонија и од други извори.

Во однос на партиципацијата на родители утврден е правилник за месечен износ на цените на услугите што ги даваат јавните детски градинки:

| | |
|---|---|
| - За програма за целодневен престој | |
| За деца до 7 години живот | 1.490,00 денари |
| - За програма за полудневен престој | |
| Престој со ужина | 599,00 денари |
| Престој со комбиниран оброк | 806,00 денари |
| Престој без ужина | 298,00 денари |
| - Други форми на престој | |
| Згрижување за 1 час | 65,00 денари |
| - За престој и исхрана на дете | |
| Над 7 до 10 години возраст | 1.490,00 денари |

Според годишните извештаи, приходите за тековно работење на една јавна градинка просечно изгледа вака:

| | |
|---|---|
| - Средства од Буџет | 76,4% |
| - Партиципација на родители | 22,5% |
| - Останати извори (донации, сопствени извори и др.) | 1,1% |
| Вкупно | 100% |

## 4.2. Приходи на приватни установи

Средствата за финасирање на приватните установи ги обезбедува основачот кој може да биде правно или физичко лице. Главен приход на овие установи претставува партиципација од родителите. Помал дел се донации и други извори.

Приходите за тековно работење на една приватна, непрофитабилна установа изгледа отприлика вака:

| | |
|---|---|
| - Партиципација на родители | 95,6% |
| - Донации и други извори | 4,4% |

Графиконите бр. 3 и 4 ја прикажаваат структурата на приходи на една јавна и една приватна установа




Графикон бр. 3: Јавна установа




Графикон бр. 4: Приватна установа

### 4.3. Расходи

Основни расходи-трошоци за тековното работење на една предучилишна установа за деца прикажани се на следната табела.

За компарација прикажани се паралелно податоци за една јавна и една приватна установа.

Табела бр. 2: Структура на трошоци во јавна и приватна установа

| | | Јавна установа | | | Приватна установа | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Расходи | Ден./месец по дете | Проценти | Ранг | Ден./месец по дете | Проценти | Ранг |
| 1. | Плати и придонеси | 3.746 | 55.5 | 1 | 4.597 | 62.9 | 1 |
| 2. | Греење | 1.468 | 21.8 | 2 | 900 | 12.3 | 2 |
| 3. | Храна | 565 | 8.4 | 3 | 830 | 11.4 | 3 |
| 4. | Хигиена | 65 | 1.0 | 9 | 179 | 2.4 | 5 |
| 5. | Едукативни и канц. материјали | 143 | 2.1 | 6 | 153 | 2.1 | 6 |
| 6. | Поправки и тековно одржување | 166 | 2.5 | 5 | 115 | 1.6 | 8 |
| 7. | Договорни услуги | 92 | 1.4 | 7 | 102 | 1.4 | 9 |
| 8. | Комуналии, електрика, вода, телефон | 361 | 5.3 | 4 | 229 | 3.1 | 4 |
| 9. | Набавка на опрема | 89 | 1.3 | 8 | 77 | 1.1 | 10 |
| 10. | Други расходи | 54 | 0.8 | 10 | 128 | 1.8 | 7 |
| Вкупно | | 6.749 | 100.0 | | 7.310 | 100.0 | |

Од табелата се гледа дека и јавните и приватните установи имаат подеднаква структура и големина на тековни трошоци. Од тука произлегува дека основната цена за згрижување на едно дете е приближно еднаква.

- Јавна установа – 6.749 денари месечно,

- Приватна установа - 7.310 денари месечно.

Горенаведените расходи се однесуваат само на тековното работење на установата и не ги вклучуваат следните трошоци:

- инвестициско одржување (поголеми градежни зафати на објектите и опрема)
- амортизација на градежни објекти и опрема
- трошоци за наем (во случај да установата не располага со сопствен простор)
- трошоци за кредит (ако установата се самофинансира и инвестира преку банкарски кредити).

Овие трошоци може да ја зголемат реалната цена повеќе од 50%.

### 4.3.1. АБВ анализа на трошоци

Графикон бр. 5 и графикон бр. 6 ја прикажуваат АБВ анализата на тековните расходи на една јавна и една приватна градинка соодветно.




Графикон бр. 5: АБВ анализа на трошоци во јавна градинка

Графикон бр. 6: АБВ анализа на трошоци во приватна градинка




Анализата покажува да трите основни расходи претставуваат 86 до 87% од целокупните трошоци на установата: плати, греење и храна. На плати и храна не може да се влијае бидејќи се дефинирани со одредени прописи (закон, стандарди, итн).

Трошоците за греење зависно од тоа како е решен системот опфаќаат и над 20% од буџетот на една градинка. Тоа е голем процент дури и за земји со многу повисок стандард од нашата.

Искуствата на некои установи покажува дека со примената на геотермални и соларни системи за греење овие трошоци може да се намалуваат дури и до 60 - 70%.

## 5. Децентрализација

Децентрализацијата во предучилишното воспитание и образование генерално значи постепено пренесување на надлежностите и интеграциите од централно на локално ниво.

Тоа би значело пренесување на надлежностите во однос на одговорноста за основање детска градинка, пренесување на одговорноста за одржување на детските градинки, одговорност за делумно финансирање од локални буџети, создавање услови за влез на приватен капитал, создавање услови за креирање локален курикулум според потребите на сите заинтересирани субјекти, поголема слобода при вработување на стручен, административен, помошен и раководен кадар итн.

Средствата од Буџетот на општината, буџетите на општините во Градот Скопје и буџетот на Градот Скопје за финансирање на заштитата на децата се обезбедуваат врз основа на развојната програма за заштита на децата на општината, општината во Градот Скопје и на Градот Скопје на начин и постапки утврдени со законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и со овој закон.

Средства се распределуваат на општините и на општините во Градот Скопје, а тие ги распределуват на јавните детски градинки на своето подрачје за обезбедување на реализација на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

На локално ниво треба да се создават услови за правилен психофизички развој на сите деца. И секоја општина треба да создаде поволни услови за организирање на вонинституционални и други алтернативни форми на опфат на предучилишните деца.

Според стратегијата за развој на предучилишното воспитание и образование 2005-2015 одговорноста за главните образовни прашања се зголемува на локално ниво и на ниво на детските градинки. На тој начин прераспределбата на одговорноста од државно на локално ниво е фокусирана на:

- пренесување на одговорноста за основање на детските градинки;

- пренесување на одговорноста за делумно финасирање од локалните буџети и од страна на самата установа;

- создавање услови за формирање на приватни градинки;

- пренесување на одговорноста за следење и интерна контрола на квалитетот на воспитно-образовниот процес на градинката, совет на родители и локалните служби;

- поголема слобода на детската градинка при креирање на кадровска политика со учество на локалните субјекти и родителите;

- создавање услови за изработка и печатење на дидактички средства и помагала;

- пренесување на одговорноста на стручно усовршување на вработените врз база на акредитирани програми;

- воведување неформални и вонинституционални облици како рамноправни форми на предучилишно образование;

- давање на обврската за предучилишното образование на училиштата во руралните области каде што нема градинки (центри за ран детски развој, обука на родителите, кратки форми);

- искористување и адаптација на други објекти во локалната средина.

Во овие услови на централно ниво остануваат ингеренциите и одговорностите за: легистативата; делумно финансирање; екстерна контрола на квалитет на работа; изработка на стандарди односно индикаторите за ефективна детска градинка; акредитација на програмите за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар; лиценцирање на компетенциите; утврдување на државниот курикулум; јавното финансирање.

Детските градинки треба да ги засилат своите активности за поголемо и поефикасно влијание во своето потесно и пошироко социјално опкружување.[9]

[9] Национална стратегија за развој на образование во Р.Македонија 2005-2015

# 6. Соработка со родителите и општествената средина

## 6.1. Соработка со родителите

Програмата исто така ја става во план и соработката со родителите. Соработката со родителите може да се одвива на различни начини, и тоа преку нивно директно и непосредно комуницирање, од една страна, и со непосредно и индиректно контактирање, од друга страна.

Постојат следните форми на взаемно воспитно-образовно дејствување:

- отворени денови во градинката;
- родителски состаноци;
- писмено обострано комуницирање;
- приредби и прослави;
- посета на семејства;
- изложби;
- работилници со родителите.

Предучилишните установи и родителите се тие кои најдолго делуваат на детето, со кои детето поминува најголем дел од денот и затоа нивната комуникација е неопходна. Таа не треба да биде сведена на обична љубезност, поради услугите што градинката ги пружи, туку треба да се створат услови за вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес. На тој начин предучилишната уставова ја реализира својата задача за дополнување на улогата на родител како воспитувач на детето а не со нејзино занемарување со што се обезбедува воспитно-образовното делување на двата спомнати фактори за развојот на личноста на детето. Семејството непланирано ја реализира својата воспитна улога. Не ретко се сретнува појавата родителите сепак да планират да постигнат нешто со воспитанието на своето дете. Но ваквата испланираност на целите за "формирање" на своето дете не е детерминирана со општествените цели за воспитание и образование и не се темели на научни сознанија за развој на индивидуата. Постепениот развој на комуникацијата помеѓу предучилишната институција и

семејството допринесува за отстранување на овој погрешен третман на детската личност. Со престојот на родителите во предучилишната установа и нивното обострано воспитно-образовно делување се овозможува запознавање на родителите со општествените цели и ставови за воспитување на личноста, на основа на тоа тие се во можност да изградат позитивен став за воспитниот третман на детето и истиот да го усогласат со ставот на организираното предучилишно воспитание и образование. Доколку не постои усогласување на постапките на воспитувањето во предучилишната установа и семејството, може да дојде до конфузија во усвојувањето на вредностите и во разбирањето на животот во кој е вклучено и самото дете.

Отварајќи се кон семејството, предучилишната установа ги задоволува сите потреби на родителите кои се однесуваат на запознавањето на улогата на семејната атмосфера во развојот на личноста, а особено нејзиниот емоционален аспект, како важна компонента за севкупно формирање на индивидуата.

Отвореноста на предучилишната установа кон семејството не значи занемарување на улогата на родителите. Нивното взаемно делување треба да претставува партнерски однос во воспитанието на детето. Важноста на родителите како воспитувачи не е помала во однос на значењето на воспитувачите и другите стручни лица. Меѓутоа, за да постои партнерски однос, неопходно е добро и длабоко познавање помеѓу "партнерите". Со нивно запознавање се овозможува правилен и добар избор на целите, методите, формите и средствата за работа со децата и усогласување на нивното делување. [10]

[10] Zorica Stanisavljević-Petrović (1998). Saradnja porodice i vrtića

## 6.2. Соработка со надворешни институции

Основно право на секое дете е правото на соодветно воспитание и образование. Современиот начин на живот ова го прави се посложен и поодговорен процес. Покрај семејството и предучилишните установи кои се база во исполнувањето на ова право, во процесот се вклучени и низа на општествени институции: Министерства, образовни институции, културни, спортски, еколошки организации, здруженија на граѓани и др.

Овој аргумент го потврдува и старата африканска народна поговорка која вели: Потребно е цело село за да се порасне едно дете. Клучните елемент во овој систем ги прикажува следната слика.

Слика бр. 2: Фактори кои влијаат врз воспитанието на едно дете




Тоа го истакнува и Бронфенбренер во својата теорија на еколошките системи. Тој во неа истакнува дека за да го разбереме развојот на човекот, во предвид треба да се земе целиот еко-систем во кој единката се развива. Овој систем е составен од пет подсистеми кои го подржуваат и водат развојот на човекот. Секој систем зависи од содржајната природа на животот на поединецот и нуди различен избор на можности и извори за раст. Понатаму во секој и помеѓу сите системи постојат двонасочни влијанија. Овие двонасочни влијанија имплицираат дека врските имаат влијание во две насоки, од индивидуата и кон индивидуата.

И ако имаме пристап кон овие подсистеми, се наоѓаме во ситуација да имаме повеќе социјално знаење, зголемен фонд на можности да наочиме како да ги решаваме проблемите и пристап кон нови начини на истражување и запознавање на самите себе.

Слика бр. 3: Теорија на еколошки системи




**Микросистемот** е наблискиот слој до детето и го сочинуваат структурите со кои детето има директен контакт. Тој ги содржи односите и интеракциите на детето со неговата непосредна околина: семејството, училиштето, соседството или градинката. На нивото на миркосистемот, двонасочните влијанија се најсилни и имаат најголемо влијание врз детето. Сепак и надворешноста може да влијае на внатрешните структури. Ова јадро е база за учењето на детето за светот околу него. Тоа е негово интимно место и служи како референтна точка во однос на светот. Вистинската моќ во овие почетни меѓусебните односи со семејството влијаат на развојот на доверба и заемноста со луѓето кои му се значајни на детето. Семејството е почетен микросистем во кој детето учи како се живее.

**Мезосистемот** се наоѓа надвор од односот помеѓу две лица. Тој поврзува два или повеќе система во кои живеат децата, родителите и семејството. Мезосистемот ги поврзува струкурите во микросистемот на детето. На пример: врската помеѓу воспитувачот на детето и неговите родители.

**Егзосистемот** претставува поширок социјален систем во кој детето не функционира директно. Структурите во овој слој влијаат врз развојот на детето преку интеракцијата

со структурите во неговиот микросистем. Главни примери на егзосистеми кои влијаат на детето преку неговите родители се: училиштето и колегите, работното место на родителите, семејно-социјалните врски, соседството, заедницата, локалната политика и индустријата. Егзосистемот може да влијае на зајакнување на односите во микросистемот или на нивно осиромашување.

**Макросистемот** е составен од културни вредности, обичаи и закони. Тој се користи за да се опише културен или социјален контекст на различни општествени групи , како што се социјални класи, етнички групи, или верска припадност. Овој слој е најодалечен слој од средината на детето. Ефектите од поголемите принципи кои ги дефинира макросистемот имаат каскадно влијание во текот на интеракцијата со сите други слоеви. На пример, програмата за жени, доенчињата и децата (WIC) може позитивно да влијае на младата мајка преку здравствената заштита, витамини и други образовни ресурси. Во извесна смисла, макросистемот ни помага заедно да се држиме наспроти многуте животни проблеми кои ги сретнуваме.

**Хроносистемот** ја опфаќа димензијата на времето што се однесува на животната средина на детето. Елементите во рамките на овој систем можат да бидат надворешни, како на пример времето на смртта на еден од родителите, или внатрешни, како што се физиолошките промени кои се јавуваат со растењето на детето. Семејната динамика треба да е врамена во историски контекст што се јавува во рамките на секој систем. Поточно, моќно влијание што историските влијанија го имаат во макросистемите е тоа како семејствата одговораат на различни видови на стрес. Бронфенбренер претпоставува дека, во многу случаи, семејствата одговораат на различните видови на стрес во рамките на општествените параметри кои постојат во нивните животи.

Старата народна мудрост како и современите теории и истражувања покажуваат на голема сложеност на предизвиците во воспитувањето на младите генерации, каде особено важно место имаат децата од предучилишна возраст.

Затоа како и во многу земји во светот и во Р. Македонија предучилишното воспитание и образование претставува национален приоритет.

Со овој труд низ теоретски и истражувачки пристап сакаме повеќе да се приближат и расветлат аспектите на **организација и финасирање** на предучилишните установи и со тоа да дадеме допринос за нивно подобрување.

## II Дел

## Методологија на истражување

## 1. Предмет на истражување

Предмет на истражување е организацијата и финансирањето на предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија

За да се добие што пореална слика за постоечката ситуација на предучилишното згрижување на деца и евентуалнте предлози за подобрување, истражувањето ќе биде насочено кон:

- **Директорите** како раководители во детските градинки и одговорни за организацијата и финансирањето.
- **Воспитувачите** како дирекни учесници во организацијата и планирањето, реализацијата и валоризацијата во воспитно-образовниот процес.
- **Институции** кои имаат директно влијание врз предучилишното воспитание и образование: Сектор за заштита на деца, Биро за развој на образование.
- **Родителите** како корисници и нивната вклученост во работата на предучилишните установи.

## 2. Цел и задачи на истражувањето

Основната цел на истражувањето е да се испита организацијата и финансирањето на предучилишните установи во функција на подобрување на воспитната работа на предучилишното воспитание и образование.

Во согласност со ваквата цел ги поставуваме следните задачи:

1. Да се испитат мислењата на директорите за организацијата и финансирањето и нивни предлози за подобрување,
2. Да се испитат ставовите на воспитувачите за организацијата и реализацијаа на воспитно образовниот процес, како и предлози за подобрување,
3. Да испитаме соработка на предучилишните установи со соодветни институции кои имаат влијание врз подобрување на организација на предучилишното воспитание и образование (Сектор за заштита на деца, Биро за развој на образование, Универзитети),
4. Да се испита интересот и вклученоста на родителите во работата на предучилишните установи.

Со реализирањето на овие задачи ќе добиеме една слика за организациониот и финансискиот аспект во предучилишното воспитане и образование и идеи како допринос за нивно подобрување.

## 3. Хипотези на истражувањето

**Општа хипотеза:** Организацијата и финасирањето на предучилишните установи (градинките) се успешно поставени и се во функција на реализација на целите на воспитно-образовната работа

**Помошни хипотези:**

1. Директорот како одговорен за севкупното функционирање на установата добро ја познава реалната ситуација и делува кон подобрување на системот во рамките на своите можности.

2. Воспитувачите како дирекно инволвирани во работата со децата се вклучени во организацијата, планирањето реализирањето и валоризирањето на воспитно образовниот процес; само делумно соработуваат во креирање на организација и финансирање.

3. Соодветни институции се вклучени во системот на организација и финансирање на предучилишните установи но сепак постои простор за подобра организираност и соработка

4. Родителите се вклучени во организирањето и се запознаени со финасирањето и учествуваат во реализацијата на воспитно образовната работа.

5. Постои адекватна соработка и синергија меѓу сите фактори кои имаат влијание на целокупниот развој на детската личност.

# 4. Варијабли

Независни варијабли

Како независни варијабли во истражувањето се јавуваат: Индивидуалните карактеристики на воспитувачите и нивните работни искуства, успешноста во спроведувањето на пропишаниот воспитно образовен процес, отвореноста и спремноста на предучилишните установи да соработува со соодветни институции, како и соработката со родителите.

Зависни варијабли

Зависни варијабли се ставовите и мислења на директорите и стручните работници во однос на организацијата на спроведување на воспитно-образовниот процес. Ставови и мислења на институциите кои може да допринесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

## 5. Примерок на истражување

За потребите на истражувањето се користени повеќе видови на примероци:

- примерок на директори на предучилишни установи;

- примерок на воспитувачи во детски градинки;

- примерок на родители чии деца се вклучени во градинките;

- претставник од Биро за развој на образованието.

Примероците за истражувањто беа избрани по случаен избор.

Во истражувањето вклучиме вкупно осум градинки од подрачјето на градот Скопје, од разни општини , од кои 7 се јавни установи а една приватна: "Весели цветови", "Орце Николов", "Фиданка", "Снежана", "Детска радост", "Мајски цвет", "25 Мај", "Бисери". Со техника интервју интервјуирани се директорите, а со техниката анкета се анкетирани воспитувачите и родителите. Исто така со техниката интервју се вклучени институциите.

Во истражувањето беа вклучени 4 директори, 29 воспитувачи и 20 родители, и еден претставник од Биро за развој на образование.

**Директори**

Во истражувањето беа вклучени 4 директори на градинки, од кои 3 се од јавни а 1 одприватна установа.

За овој примерок беа направени неколку прашања во форма на неформално интервју (прилог бр.1) кои сметавме дека ќе ни дадат битни информации за истражуваење во однос на организацијата и финансирањето на предучилишните установи како систем, а посебно за конкретна установа.

**Воспитувачи**

Примерокот на воспитувачи за анкетирање исто така е случаен; испитани се 29 воспитувачи од 8 детски градинки од Скопје (од кои 7 јавни а 1 приватна).

Одговорите на воспитувачите се групирани на одредени подрачја и така анализирани.

Анкетниот лист за воспитувачите е во прилог бр. 2.

**Родители**

Семејството и родителите имаат фундаментално место во системот на предучилишното воспитание и образование и затоа ги вклучивме во истражувањето.

Со анкетата за родители опфатени се 20 родители од 4 градинки. (прилог бр.3)

**Институции**

Освен овие примероци направено е интервју со Биро за развој на образование од кои се добија дополнителни релевантни информации. (прилог бр.4)

# 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во истражувањето се користени следните истражувачки техники:

1. анкета;

2. неструктурирано интервју.

Постапката за неструктурирано интервјуирање е применета кај директори, бидејќи сакавме да продреме подлабоко во размислувањето на раководните структури како главни и одговорни за организацијата и финансирањето на детските градинки.

Иста ваква техника е применета и кај институциите вклучени во овој систем: Биро за развој на образование.

Анкетирањето е техника која ја избравме да ја користиме за да дојдеме до дирекни сознанија за ставовите и мислењата на воспитучите и родителите во однос на нивното познавање и делување врз организацијата и финансирањето на предучилишните установи.

## III Дел

## Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуата за директори

Директорот како орган на раководење во детската градинка е непосредно одговорен за организацијата и финансирањето на установата. Поради важноста и сложеноста на неговата функција, и специфики на секоја установа а за докажување на поставените хипотези, се определивме за соодветна техника - неструктурирано интервју. Со оваа техника можевме подлабоко да влеземе во проблематиката и да дојдеме до сознанија кои би оделе во прилог на докажување на главната хипотеза, која претпоставува дека организацијата и финансирањето на предучилишните установи се успешно поставени и се во функција на реализирање на целите на воспитно-образовната работа.

Итервјуирани се директори од четири детски градинки, од кои три се јавни установи и една приватна.

Разговорот се одвиваше преку директна комуникација. Прашањата беа оквирно дефинирани и секој директор имаше слобода да се изрази за дадена проблематика. Некои одговори беа пошироки и покомплексни а некои многу едноставни. Во целина добивме една реална слика за организацијата и финасирањето во системот на предучилишното воспитание и образование и конкретно за нивната установа.

Разбирливо е дека податоците од финансиска природа се само за интерна употреба и затоа се анонимни и користени се во една воопштена форма.

Добиените одговори ги анализиравме,систематизиравме и споредивме и со тоа добивме една слика во однос на поставените хипотези.

Како прво прашање во интервјуто ги прашавме директорите:

**- Каков е нивниот мотив да ја вршат функцијата директор?**

Во одговорот на ова прашање дирикторите истакнаа дека основен мотив е во изборот на нивната професија и желбата да дадат што поголем сопствен допринос преку извршување на оваа функција. Максимално лично залагање и одговорност во водење на установата, без да се бара во тоа голема финансиска добивка.

Следно прашање беше: **Какво е нивното мислење за организацијата и финансирањето на системот за предучилишно воспитание и образование?**

Во своите одговори директорите укажуваат на ограничените средства со кои располагат но свесни се за можностите на Буџетот, и реалнот стандард на родителите. Сегашниот систем на организација е наследен од порано и направени се позитивни промени кон подобрување на истиот.

Во ова прашање навлеговме на организација и финансирање на конкретните установи на интервјуираните директори: **Што мислите за финансирањето и организацијата на вашата установи?**

- Организацијата и тековното финансирање кај јавните детски градинки е уредено со закон. За подобрување на материјални услови се бараат спонзорства, донации или се изнајмуват простории или извршување на дополнителни услуги. Приватните установи се самофинансираат и основни извори е партиципација на родители и тие се организирани според начинот на работа и големината на установата.

На следното прашање за тоа: **Како во дадени услови функционира нивната установа од организациски и финансиски аспект?**

- Организацискиот аспект на установите е утврден со законски решенија. Буџетот на сите јавни градинки е сличен и изгледа вака: околу 75% од трошоците се покриени од Буџетот, нешто помалку од 25% е партиципација на родители, а 1 до 2% се донации и други извори. Кај приватни установи 90 до 95% е партиципација на родители а остаток се спонзорства и донации.

Овој Буџет воглавно го покрива тековното работење на установата, додека за поголеми инвестициски зафати и поправки бараат додатни финансиски конструкции и извори. Во работењето на предучилишните установи генерално не постои голема финансиска резерва и затоа следењето и намалувањето на трошоците е императив за секоја организација. Кај сите установи еден од најголемите трошоци е греењето преку 20%.

Постојат позитивни примери за значително намалување на овие трошоци со примена на соларни е геотермални системи (60 до 70% се намалува трошокот за греење, а инвестицијата се враќа за 3 - 4 години).

Следното прашање околу **соработката со вработените** (Преку секојдневна комуникација, барате ли помош од нив во решавање на некои проблеми околу организацијата, го цените ли нивното мислење?)

- Од одговорите воочивме дека постои одредена соработка со вработените но генерално малку се вклучени во креирањето на организацијата и финансирањето на установата.

На прашањето за тоа: **Какви планови имаат за перманентно образование на вработените?** (Дали следат современи трендови во предучилишното воспитание и образование, и соработка со соодветни стручни институции)

- Одговорот кај сите беше дека постојано се пратат новите трендови на современото предучилишно воспитание и образование низ стручните усовршување кои што ги организираат Министерството односно Бирото за развој на образование. Во тој контекст позитивно е оценета и иницијативата за примена на новиот систем за педагошко документирање и евидентирање која ќе овозможи планирање и следење на воспитно-образовната работа, а со тоа и повратна информација за можно подобрување на системот.

На последното прашање: **Какви се формите на соработка со родителите и како таа да биде унапредена?** (процент на родители кои учествуваат на редовни средби, нивниот интерес и колку тие се спремни да пружат конкретна помош)

- Директорите сметат дека постои релативно висок интерес од страна на родителите за своето дете, а многу мал процент се интересира за градинката како целина.

## 1.1. Заклучок

- Во сите одговори доминира дека основен мотив и стимулација за вршење на оваа функција е професионалната определба и желбата да се даде поголем придонес во општеството на ова подрачје.

- Постоечкиот систем на организација и финансирање постојано се надоградува и унапредува, што дава позитивни резултати. Свесни се за ограничувањата на државниот буџет и реалниот стандард на граѓаните, што на одреден начин го ограничува побрзиот развој на оваа дејност.

- Со редовните приходи се успева да се одржува само основната функција на установата. Приходот на установата, до некаде, може да се зголеми преку подобро искористување на сопствените ресурси (кујна, слободен простор...). Од страна на расходите најголема резерва се крие во трошоците за греење (околу 20%), каде треба повеќе да се користат предностите на нашето поднебје – соларни и геотермални системи.

- Доста се вложува во перманентното стручно усовршување на вработените. За подобро функционирање на целиот колектив, треба повеќе да се негува тимската работа. Исто така, во решавањето на организациските и финансиските проблеми, треба да земат соодветно учество и сите вработени.

- Директорите мислат дека треба повеќе да се прошири кругот и да се интензивира соработката со родителите. Семејството е клучен фактор во процесот на воспитувањето и мора да има поголемо влијание и учество во креирањето на политиката во однос на предучилишното воспитание и образование.

Разговорите со директорите на детските градинки ја потврдуваат нивната компетентност и залагање што оди во прилог на потврдата на општата хипотеза која вели дека организацијата и финансирањето на детските градинки се успешно поставени и се во функција на реализација на целите на воспитно-образовната работа.

Од анализите на одговорите произлегуваат и одредени проблеми, особено на подрачјето на финансирањето и соработката со родители.

Во сегашните услови и ограничените извори на финансирање, предност треба да им се даде на одредени инвестициски зафати кои донесуваат значително намалување на трошоците и подобрување на општите услови за работа (на пример греење).

Како одговор на општата хипотеза за соработка со родителите треба да се направи нов квалитативен скок: природно е секој родител да се интересира за своето дете, но треба да се прошири нивниот поглед и одговорност и на другите деца и на установата во целина.

Од разговорот произлегува во принцип позитивен став во однос на примената и имплементацијата на новата педагошка докумантиција и евиденција; тоа може да биде солидна база за следење на напредокот на секое дете, а воедно и повратна информација за успешноста на функционирањето на целиот систем.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата за воспитувачи

Воспитувачите се реализатори на воспитно-образовната работа и непосредно се соочуваат со последиците на организациско-финансиската поставеност на установата и пошироко.

Иако дирекно не учествуваат во креирањето на оваа политика, нивните одговори се важни бидејќи ги чуствуваат реалните проблеми и потреби но и позитивните аспекти на системот.

Во истражувањето е користена техниката – анкета.

Анкетирањето беше извршено во месец Ноември 2013 година .Во истражувањето беа вклучени 8 градинки од Скопје со 29 воспитувачи. Анкетниот лист имаше прашања од отворен и затворен тип, и со него сакавме да добиеме мислења и ставови од испитаниците кои се однесуваат на поставените хипотези.

Прашањата беа поделени во неколку подрачја и тоа:

- Дали тие се запознаени со организацијата на предучилишното воспитание и образование во детските градинки.

- Дали се запознаени со начинот на финансирање во детските градинки.

- Според нив колкаво е значењето на организацијата и финансирањето во задоволувањето на зацртаните цели во предучилишното образование.

- Дали установата им овозможува стручно усовршување и перманентно образование.

- Каква е соработката со стручните работници и соработници во установата.

- Дали соработуваат со соодветни надворешни институции (Биро за развој на образование, Сектор за Заштита на деца, Универзитети...).

### Мотивација, професионалност, искуство

Првата група од прашањата од анкетниот лист се однесуват на прибирање на податоци во однос на воспитувачите, односно првите три прашања се однесуваат за тоа зошто ја

избрале професијата воспитувач, какво образование имаат и нивното работно искуство во просветната струка.

На првото прашање добиени се два генерални одговора; Нивната застапеност е прикажана на графикон бр. 7. Од него се гледа дека 62% од испитаниците професијата је избрале поради љубовта кон децата, а 38% од нив поради работата со деца.

Графикон бр. 7: Причина за избор на професија




Табела бр. 3: Степен на образование на воспитувачите

| | Средно | Вишо | Високо |
|---|---|---|---|
| | / | 3 | 26 |
| Вкупно | / | 3 | 26 |

Според табелата степенот на образование е првата варијабла според која се поделени воспитавачите. Ваквите прашања во анкетниот лист се битни за да се процени дали степенот на образование и работното искуство влијаат врз одговарањето на понатамошните прашања. Табела бр. 3 не води кон тоа дека ниедна воспитувачка не е со средно образование и бројот на оние со вишо образование е многу мал, додека бројот на воспитувачки со високо образование е најголем.

Табела бр. 4: Години искуство на воспитувачките

| | Работно искуство | | |
|---|---|---|---|
| | од 0 до 5 год. | од 5 до 10 год. | над 10 год. |
| | 7 | 6 | 16 |
| Вкупно | 7 | 6 | 16 |

Од табела бр. 4 пак можеме да забележиме дека бројот на воспитувачки со работно искуство над 10 години е најголем, додека пак бројот на воспитувачки од 0 до 5 и од 5 до 10 години е скоро исто. Според овие 2 табели може да се види дека во овој примерок се работи за воспитувачки со високо образование и со работно искуство повеќе од 10 години.

**Систем на организација**

Организацијата во предучилишните установи е мошне битна активност која бара добра стручна подготовка и реализација. Каква ќе биде организацијата во предучилишната установа зависи од стручен тим, директор, меѓу кои учество треба да земе и воспитувачот. Неговата вклученост пред се е потребна од аспект на приспособување на планот и програмата кон конкретната воспитно-образовна ситуација и потребите на децата од определена возраст. Ова е со цел да секое дете како личност и субјект во воспитувањето овозможи правилен развој.

Поставено е прашање за тоа колку се запознаени воспитувачите со системот на организација на предучилишното воспитание и образование во Р. Македнија и во градинката во која што работат.

Од графикон бр. 8 се гледа дека повеќе од половина од воспитувачите се запознаени со системот на организација на предучилишното воспитание и образование во Р.М., додека пак со системот на организација на самата градинка во која што работат речиси 90% од испитаниците се запознаени.

Графикон бр. 8: Запознаеност со системот на организација на предучилишното воспитание и образование




Во однос на делувањето на воспитувачите во организацијата на установата од графиконот бр. 9 се гледа дека 45% од испитаниците не делуваат на организацијата, а додека 55% од испитаниците делуваат на организацијата во самата градинка.

Графикон бр. 9: Учество во организацијата на работата во градинката



**Финансирање на установи**

Одговорот на прашањето околу финансирањето на самата градика колку се воспитувачите запознаени со начинот на финансирање е прикажан на графикон бр.10

Графикон бр.10: Запознаеност со начинот на финансирање на градинката




Од графикон бр. 10 се гледа дека 55% од испитаниците се запознаени со начинот на финансирање на самата градинка.

Во однос на прашањата за влијание и иницијативи за да се подобрат приходите на установата; и влијание и можности да се намалат трошоците, без да се влијае на едукативниот процес поголем број одговорил дека немаат влијание ниту можности, односно иницијативи за да се подобрат приходите или да се намалат трошоците на установата.

Графикон бр. 11: Влијание за подобрување на приходите и намалување на трошоците



**Воспитно-образовни цели и организациско-финансиска поставеност**

Значењето на организацијата и финансирањето во предучилишното воспитание и образование во задоволувањето на потребите на самите деца е прикажано на графикон бр. 12

Графикон бр. 12: Важноста на органиацијата и финансирањето




Од графикон бр. 12 се гледа дека значењето на организацијата и финансирањето во предучилишното воспитание и образование е од големо значење дури 62% од испитаниците сметат дека е големо значењето а многу мал дел од испитаниците одговориле дека е мало и дека нема значење.

Во однос на сегашниот начин на организирање и финансирање во установата колку тоа ги задоволува зацртаните воспитно-образовни цели ќе видиме од графикон бр. 13

Графикон бр. 13: Организацијата и финансирањето ги задоволуваат воспитно-образовните цели



Од графикон бр. 13 се гледа дека 41% од испитаниците одговорија дека сегашниот начин на организација и финансирање ги задоволува зацртаните воспитно-образовни цели, а дури 59% од испитаниците одговорија дека не се задоволени зацртаните воспитно-образовни цели.

Во однос на потребата воспитувачите да се вклучени во работната група-комисија, за успешно организирање и финансирање на предучилишната установа одговорите се прикажани на графикон бр. 14

Графикон бр. 14: Потреба од вклучување во комисијата за организација и финансирање




Од графикон бр. 14 се гледа дека испитаниците дале позитивен одговор дури 72% дека воспитувачите треба да бидат вклучени во работната група за успешно организирање и финансирање на предучилишната установа, а 28% се за тоа да не бидат во таа работна група.

## Стручно усовршување

Во однос на тоа колку установата каде работат воспитувачите им овозможува перманентно образование гледаме од графикон бр. 15

Графикон бр. 15: Овозможеност на стручно усовршување и перманентно образование




Од графикон бр. 15 се гледа дека 76% од испитаниците одговориле дека установата им овозможува перманентно образование, а 24% од испитаниците дека установата не им овозможува надоградување преку семинари и стручни усовршувања.

## Соработка со стручните работници и соработници

Следниот графикон ја прикажува вклученоста на стручните работници, стручните соработници и здраствените установи во работата на предучилишните установи.

Графикон бр. 16: Вклученост на другите работници во градинката



Резултатите покажуваат дека половина од испитаниците смета дека стручните работници се доволно вклучени во работата на градинката, додека по една четвртина од нив сметаат дека ова учество е делумно или мало.

Додека за стручните соработници речиси половина од испитаниците сметаат дека тие се делумно вклучени, една третина смета дека се доволно вклучени, една шестина смета дека се премалку вклучени, а 7% сметаат дека тие не се воопшто вклучени.

Соработката со здраствените установи-четвртина од испитаниците ја смета за доволна, преку четириесет проценти сметаат дека таа е делумна, една шестина смета дека таа не е доволна, а исто толку сметаат дека таа воопшто не постои.

### Педагошка документација и евиденција

Прашањето се однесува на обуката за планирање, опсервација и форми и начини на документирање, која врзана за Правилникот кој го донесе Министерството за труд и социјална политика оваа година (Сл. весник на РМ бр. 87/2013) со кој се менува начинот на педагошкото документирање и евидентирање.

Графикон бр. 17: Запозненост со Правилникот и посетена обука




Одговорите покажуваат дека 70% од испитаниците не се запознаени со овие промени, но дека полека почнува да се имплементираат обрасците кои се донесени со овој Правилник.

Стандардите за ран детски развој се применуваат на воспитно-образовната работа. Тоа го потврдија и испитаниците што е прикажано со графикон бр. 18

Графикон бр. 18: Примена на Стандардите за ран детски развој од 0 до 6 години




Следното прашање се однесува на учеството на воспитувачите во изработката на курикулумот. Приближно половината од испитаниците учествуваат во неговата изработка.

Графикон бр. 19: Учество во изработката на Курикулумот




**Лиценцирање**

Одлуката за лиценцирање на воспитувачите не е прифатена со големо одушевување. Следните прашања се однесуваат на лиценцирањето и можниот начин на негово спроведување, со цел да се постигне поголем квалитет на воспитно-образовниот процес.

Графикон бр. 20: Одобрување на лиценцирањето




Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека лиценцирањето е непотребно затоа што тие имаат завршено соодветно високо образование за вршење на таа функција, а доколку се спроведува лиценцирањето претходно кандидатите би требало да имаат соодветна обука од соодветни обучени лица.

## Соработка со родителите

Следното прашање се однесува на вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес. Резултатите се прикажани на следниот графикон.

Графикон бр. 21: Соработка со родители




Поголемиот дел, околу 80% од воспитувачите соработуваат со родителите, воглавно преку семејни работилници, приредби, отворени денови на градинката, при посети на институции. Но една петина од нив воопшто не соработува со родителите, а околу една третина од испитаниците сметаат дека моменталната соработка не е задоволителна.

**Материјални услови**

Графикон бр. 22: Материјалните услови во градинките




Најголем дел од испитаниците, околу 50% сметаат дека условите за работа се задоволителни, околу една третина дека се добри, многу мал дел, 10% смета дека имаат одлични услови, додека значителен дел, скоро една шестина смета дека работи во незадоволителни услови.

Примањата играат улога во мотивирањето на воспитувачите во извршувањето на воспитно-образовната работа. Од графикон бр. 23 се гледа дека 45% од воспитувачите се задоволни од своите примања, 28% смета дека тие се добри, 17% дека се назадоволителни, а 10% дека се одлични.

Графикон бр. 23: Колку се воспитувачите задоволни од личните примања



**Соработка со други институции**

Следните две прашања се однесуваат на соработката со другите градинки и размената на искуства и дали тоа позитивно влијае на работата на воспитувачите. Резултатите се прикажани во графикон бр. 24.

Графикон бр. 24: Соработка со други градинки и како тоа влијае на воспитно-образовната работа




Резултатите укажуваат дека постои соработка помеѓу градинките, но таа би требало да биде уште поголема. Многу голем број од воспитаниците мислат дека тоа е позитивно или би било позитивно, во поглед на размена на идеи, искуства, проекти, се со цел на подобрување на воспитно-образовната работа.

Претпоследното прашање е дали постои соработка на градинките со другите институции, како што се Секторот за заштита на деца, професори од Педагошките факултети, Бирото за развој на образованието, кои учествуваат во изработката на одередни законски регулативи и измени кои директно влијаат на предучилишното воспитание и образование.

Графикон бр. 25: Соработка со институции одговорни за предучилишното воспитание и образование




Поголем број од испитаниците сметаат дека не постои целосно функционална соработка со овие институции. Затоа што при донесувањето на одредени законски регулативи и измени кои се однесуваат на воспитно-образовнот процес, би требало да се консултираат или да слушнат мислења од оние кои директно го спроведуваат тој процес.

## 2.1. Заклучок

Од анализата на одговорите на 29 анкетирани воспитувачи од 8 градинки во град Скопје, произлегуваат следните заклучоци:

- Воспитувачите како главен мотив за избор на професијата ја истакнуваат љубовта кон децата и желбата да работат со нив; имаат солидно образование и работно искуство. Сето ова претставува добра основа за квалитетна директна реализација на воспитно-образовниот процес.

- Воспитувачите се доста добро запознаени со организацијата на ситемот на воспитание и образование во целост. Речиси сите се запознаени со организацијата на нивната градинка, но само делумно се вклучени во креацијата на истата.

- Поголем дел од испитаниците сметаат дека организацијата и финансирањето се исклучително важни аспекти на предучилишното воспитание и образование на децата. Само дел од воспитувачите се запознаени со начинот на финансирање на градинката, премалку се вклучени, немаат влијание и иницијативи за да се подобри економската состојба на установата.

- Воспитувачите се задоволни од своето професионално усовршување кои им го овозможува установата и стручните служби.

- Само половина од испитаниците мисли дека стручните работници и соработници се доволно вклучени во работата на предучилишните установи.

- Поголемиот дел од испитаниците е задоволен од услоите во кои што работат и од личните примања.

- Одговорите покажуваат дека поголемиот дел од испитаниците не се доволно запознаен со новиот систем на педагошка документација и евиденција[7]; во својата работа ги користат стандардите за рано учење и развој и соработуваат при планирањето и програмирањето на работата на градинката.

- Мнозинството од испитаниците смета дека предложениот начин за лиценцирање не значи и автоматско подобрување на изведувањето на воспитно-образовниот процес;

[7] Интервјуто е вршено токму во време на воведувањето на новиот систем на педагошка документација и евиденција што се одрази на конкретните одговори.

основниот документ е дипломата и треба соодветно да се следи и стимулира работата на секој воспитувач.

- Воспитувачите имаат соработка со родителите на свое ниво, но половина од нив мисли дека таа треба да се подобри.

- Соработката помеѓу градинките добро се развива и донесува позитивни резултати; поголемиот дел од воспитувачите немаат директни контакти со надлежните институции (министерството, Биро за развој на образование, универзитети...)

Анкетата покажува дека воспитувачот како клучна фигура во директната реализација на воспитно-образовниот процес има мотивираност и компетентност за планирање, организација, изведба и валоризирање на доверените задачи во својот домен; тоа ја потврдува вистинитоста на генералната хипотеза и помошната хипотеза број 2.

Ова делување може да се подобри со поинтезивна тимска работа на сите соработници во установата и низ самостојна иницијатива на секој учесник.

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата за родители

Родителите и семејството имаат централно место во воспитно-образовниот процес на секое дете. Општиот впечаток е дека се менува генералното мислење и став за предучилишните установи (основна функција: чување на децата додека родителите работат) и дека тие се повеќе стануваат соработници и партнери во грижата за севкупниот раст и развој на детето.

За да се добие што пореална слика за вклученоста на родителите во функцијата и работата на градинката и пошироко, во системот на предучилишното воспитание кај нас, составено е анкетно ливче, кое ги содржи следните прашања:

- Дали се запознаени со предучилишната установа која го згрижува нивното дете.
- Дали се запознаени со програмата и воспитно-образовната работа на установата.
- Дали се запознаени со формите на соработка на градинката со родителите.
- Колкава е заинтересираноста од нивна страна за оваа соработка.
- Дали се запознаени со начинот на финансирање на нивната градинка.
- Дали треба да се подобри комуникацијата на релација родители – градинка, родителите помеѓу себе, родителите со пошироката средина.

Во продолжение се прикажани одговорите на родителите со анализа и интерпретација на резултатите.

Првото прашање се однесува на запознаеноста на родителите со предучилишната установа која ја посетува нивното дете. Резултатите се прикажани на графикон бр. 26.

Графикон бр. 26: Запознаеност со предучилишната установа




Од графиконот се гледа дека родителите се делумно или барем малку запознаени со предучилишната установа на нивното дете. Многу е мал процентот на оние кои се доволно запознени со установата, додека такви кои воопшто не се запознаени речиси и да ги нема.

Второто прашање се однесува на запознаеноста на родителите со воспитно-образовната работа на градинката.

Графикон бр. 27: Познавање на воспитно-образовната работа



Од графикон бр. 27 се гледа дека повеќе од половина од родителите, 60% се запознаени со воспитно-образовната работа на градинката, 45% се делумно запознаени, 5% премалку се запознаени, додека речиси да нема такви кои воопшто не се запознаени.

Третото прашање е врзано со соработката на градинката со родителите.

Графикон бр. 28: Форми на соработка




Од добиените одговори произлегува дека нема родители кои не е запознаени со формите на соработка на градинката со родителите. Малку повеќе од една третина се запознаени, исто толку одговориле дека се премалку запознаени, а малку помалку од една третина сметаат дека се делумно запознаени со овие форми на соработка.

Четвртото прашање се однесува на заинтересираноста на родителите за соработка со градинката и колку се активни во таа соработка.

На графикон бр. 29 се гледа дека голем дел од родителите 40% се многу заинтересирани и вклучени во соработката со градинката, исто толку се делумно

заинтересирани и вклучени во соработката. Останатиот дел се малку заинтересирани и вклучени во соработката со градинката.

Графикон бр. 29: Интерес за соработка со градинката




Предпоследното прашање е врзано за запознаеноста на родителите со начинот на финансирање на градинката и дали имаат некоја идеја за негово подобрување.

Графикон бр. 30: Интерес за системот за финансирање



Од графикон бр. 30 се гледа дека што се однесува до ова прашање половина од родителите е запознаена, додека другата половина не е запознаена со системот на финансирање на установата. Како евентуали начини на подобрување е наведено повишувањето на партиципацијата за да се добија подобри услови за децата.

Последното прашање е барање на мислење од родителите дали треба да се подобри комуникацијата со нив и на каков начин. Дали да се формираат друштва на родители кои би помагале во воспитно-образовниот процес.

Поголемиот број од испитаниците одговорија дека би требало да има поголема вклученост на родителите и тие се за тоа да се формираат некакви асоцијации за родитли и сл. Но и дека во сегашните услови не е на некое ниво нивната вклученост, но дека се оди кон тоа да бидат дел од градинките.

## 3.1. Заклучок

- Родителите генерално се делумно или малку запознаени со организацијата и структурата на предучилишната установа која ја посетува нивното дете; нешто повеќе ја познаваат програмата за воспитно-образовна работа.

- Поголемиот број од родителите, исто така, се само делумно или премалку запознаени со формите на соработка на установата се нив.

- Околу 80% од родителите се заинтересирани за поголема соработка со градинката и треба заедно да се изнајдат форми и време.

- Системот на финансирање на градинката е предмет на интерес само за половина од анкетираните родители и оваа проблематика би требало повеќе да им се приближи.

- Поголемиот број од родителите сметаат дека треба да се подобри комуникацијата родители – градинка, родителите помеѓу себе, родителите – институции.

Од анкетата произлегува дека родителите се само до одредено ниво поинтезивно вклучени во работата на градинката (интересот за своето дете), додека проблематиката на градинката како установа или дел од севкупниот систем на предучилишното воспитание, многу не ги истерессира.

Ова ја негира помошната хипотеза број 4 и отвара простор за низа на подобрувања на она подрачје. Пред се треба да се работи на промена на колективната свест за важноста на предучилишните институции и придонесот кој секој родител може и треба да го даде на овој систем.

Во таа смисла е важно да се запознаат и прошират можностите за комуникација помеѓу родителите и градинката. Тоа ќе помогне и ќе ја интензивира комуникацијата и заедништвото помеѓу родителите, за добро на самата градинка.

Од ова можат да произлезат иницијативи на поширок план – на ниво на населба, локална заедница.

На тој начин се формира мрежа на вредности и одговорности која од семејството и градинката се шири на училиштето, средината во која што живееме, на институциите.

## 4. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто со претставник од Биро за развој на образование

Со примената на оваа истражувачка техника, неструктурирано интервју, се добија податоци за мислењата и ставовите на лицата кои работат во Бирото за развој на образованието, кои преку програмата се директно инволвирани во системот на предучилишното воспитание и образование. Оваа техника ја одбравме со цел да дојдеме до сознанија кои би оделе во прилог на докажување пред се на општата хипотеза, како и на помошната хипотеза .

Со неструктурираното интервју е интервјуирано едно лице од горе наведениот сектор.

Бидејќи се работи за едно лице, податоците од ова интервју не можат да бидат генерализирани, но се од огромно значење за овој труд.

Најнапред, како прво прашање прашавме: **Вашето мислење за организација и финансирање на системот за предучилишно воспитание и образование?**

Одговорот на оваа прашање беше:

Предучилишното воспитание и образование е прв подсистем во рамките на целокупниот воспитно-образовен систем во Р. Македонија. Во Република Македонија предучилишното воспитание и образование се остварува во детски градинки и центри за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст. Детската градинка може да биде основана како јавна детска градинка и детска градинка во приватна сопственост. Јавната градинка се основа од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје и Владата, со одлука за основање на јавна детска градинка по претходно прибавено мислење од Министерството, односно на предлог на Министерството за јавна детска градинка основана од Владата.

Предучилишното воспитани и образование во Р. Македонија има статус на незадолжително, што во голема мера влијае на опфатот на децата во детските градинки, кој во моментот е многу мал и изнесува околу 12%, што секако се одразува на квалитетот на воспитно-образовниот процес во целина.

Во однос на второто прашање, кое гласеше: **Облици на ваша соработка со предучилишните установи?** (Мислите ли дека е тоа доволно за подобрување на оргнизацијата на воспитно-образовниот процес, ако не, на кој начин би можело тоа да се подобри?) Ингеренциите во однос на стручната работа што се реализира во детските градинки се исто така поделени, така што: Надзор над стручната работа во остварувањето , згрижувањето , воспитанието, престојот, негата и исхраната на децата, врши Министерството за труд и социјлана политика, стручен надзор над остварување на воспитно-образовната работа врши Министерството за образование и наука, а над здравствената заштита Министерството за здравство. Поделеноста на ингеренциите влијае на квалитетот на реализирањето на воспитно-образовниот процес во градинката. За подобрување на квалитетот на воспитнио-образовниот процес во детските градинки, би било добро кога Министерството за образование и наука би ги имало ингеренциите врз градинките.

Третото прашање со однесуваше **колку тие како институција можат да влијаат за подобрување на организацијата на воспитно-образовната работа.** Бирото за развој на образованието се грижи за развојот и унапредувањето на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија. Истото е надлежно за изготвување на воспитно-образовната програма за работа на детските градинки/центрите за ран детски развој. Во моментот се работи на новата програма за детски градинки/центри за ран детски развој, насловена како „Програма за Рано учење и развој" - базирана на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.

Исто така Бирото за развој на образованието врши стручен надзор на реализирањето на воспитно-образовната работа во градинките, како и стручно-советодавна работа на воспитувачите, стручните работници и соработници во градинките. Два претставника од Бирото за развој на образованието се членови на Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца. Во Бирото за развој на образованието исто така се изработуваат и прирачници за воспитувачи со цел унапредување на воспитно-образовниот процес.

Во однос на последното прашање: **Дали во насока на подобрување на воспитно-образовната работа соработувате со предучилишните установи и семејствата?** Се применуваат најразлични облици на соработка со предучилишните установи:

- Индивидуални консултативни разговори со воспитувачите, стручните работници и соработници во градинката;

- Непосреден увид во реализирањето на воспитно-образовната работа во градинката;

- Организирање на работилници, семинари, трибини на актуелни теми со цел континуиран професионален развој на стручниот кадар во градинките;

- Изработка на прирачници за воспитувачи;

Бирото за развој на образованието како една од клучните институции за развој на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија има големо влијание на подобрување на организацијата на воспитно-образовната работа. Соработката со градинките би можела да се интензивира, но за тоа е потребно кадровско екипирање на советници за предучилшно воспитание и образование во Бирото за развој на образованието, а секако големо влијание има и поделеноста на ингернциите над градинките помеѓу МТСП и МОН.

## 4.1. Заклучок

- Добиените резултати од неструктурираното интервју ја потврдија поставената хипотеза во врска со вклученоста и соработката на соодветните институции во системот на предучилишното воспитание и образование.

- Биро за развој на образование има важна улога и одговорност во целиот предучилишен систем: изработува програма за работа на детските градинки, врши стручно-советодавен надзор во неговата имплементација, изработува прирачници за воспитувачи и стручни соработници, организира стручни трибини за континуиран професионален развој, учествува во комисии за лиценцирање на установите и на вработените во градинките.

- Соработката со градините може да биде уште поинтензивна и поплодна ако би се зајакнале кадровските потенцијали на Бирото.

- Интервјуто покажува дека постои потреба од одредени промени во начинот на организација и делување на системот. Според нив за подобрување на системот на предучилишното воспитание и образование потребно е да ингеренциите врз градинките да се обединат под едно министерство.

- Посебен проблем претставува многу мал опфат на деца со предучилишно воспитание и образование (околу 12%), што бара едно пошироко општествено залагање на сите нивоа.

## 5. Заклучни согледувања

Врз основа на спроведеното истражување и квалитативната и квантитативната анализа на податоците добиени се резултати кои упатуваат на следните заклучоци и согледувања.

Од аспект на набљудувањето и анализата на функционирањето на трите главни фактори на предучилишното воспитание и образование (семејство, градинка, институции) може да се потврди исправноста на генералната хипотеза на овој труд: Организацијата и финансирањето на предучилишните установи (градинки) се успешно поставени и се во функција на реализацијата на целите на воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст.

Истражувањето исто така покажува и неколку елементи – подрачја, кои треба да се подобрат бидејќи се работи за исклучително важен сегмент на нашето општество:

- Опфатеноста на деца со детски градинки е само 12%, што е многу малку и треба да се интензивира процесот на вклучување на децата во предучилишни установи.

- Со подобро поврзување и организација на сите институции кои делуваат во системот на предучилишното воспитание и образование (синергија) можат да се постигнат уште подобри резултати.

Покрај општата хипотеза, беа поставени помошни хипотези кои не доведоа до следните заклучоци.

1. Директорот како клучна фигура во организацијата и финансирањето на детската градинка добро го познава амбиентот на својата работа и се труди да ги подобри организационите, материјалните и кадровските услови на установата во рамките на реалните можности. Поголема важност треба да им се даде на тимската работа и на проекти за подобро искористување на сопствените ресурси и намалување на трошоците (заштеда на енергија и сл.).

Од директорот посебно се очекуваат иницијатаиви на подрачјето на изготвување на курикулум, имплементирање на нова педагошка документација и евиденција, соработка со другите градинки, како и со институциите со цел подобрување на функционирањето на целиот систем.

Посебно внимание би требало да се посвети на поголемо вклучување на родителите и семејството во работата на установата и пошироко.

2. Воспитувачите се солидно образовани, искусни и мотивирани за директна работа со деца. Со помош на стручните работници и соработници го планираат, организираат, реализираат и валоризираат воспитно-образовниот процес. Малку се вклучени во аспекти кои се однесуваат на организацијата и финансирањето на ниво на установа. Исто така треба да се подобри соработката со стручните лица и институции.

Воспитувачите како дирекни реализатори на воспитно-образовниот процес треба да бидат уште поактивни учесници во креирање и подобрување, програмирање, планирање и валоризацијата на работата со децата на својата установа и пошироко.

3. Институциите се важен и активен дел од системот на предучилишното воспитание и образование, но на одредени подрачја треба да се подобри нивната координираност и соработка.

Оваа синергија е многу важна бидејќи се работи за многу сложен систем кој генерира и креира политика на воспитно-образовната работа и мора да делува единствено и ефикасно.

4. Родителите генерално се премалку вклучени во системот на предучилишното образование и воспитание. Треба да се подобри комуникацијата градинка-родители, родителите помеѓу себе, родители-институции.

Ова укажува дека семејството кој има природно и привилигирано место во воспитувањето треба да стане активен и одговорен соработник и протагонист во целокупниот систем на воспитување и образование.

5. Од истражувањето и анализата на добиените резултати може да се заклучи дека организацијата на предучилишното воспитание и образование е многу комплексен систем во кој треба да бидат активни и синергетски да делуваат сите негови сегменти. Направен е виден напредок на многу подрачја, но сеуште треба постојано да се надоградува и подобрува овој систем, користејќи позитивни искуства и од други земји.

## 6. Сугестии и предлози за подобрување

- Да се зголеми бројот на децата кои се опфатени со организиран систем на предучилишно воспитание и образование. Новите законски решенија освен градинките предвидуваат и други форми на згрижување на деца: центри за рано учење и развој и др. Голем придонес можат да даде и отворањето на приватни установи, што зема се поголем замав. Додатен поттик можат да бидат и поволните кредитни линии за инвестирање во оваа дејност.

- На институционално ниво потребно е да се размисли за обединување на ингеренциите за предучилишните установи под едно министерство, што се покажа како добро решение во некои соседни земји.

- Да се зајакне улогата на родителите и семејството во овој систем преку здружување во здруженија и локални иницијативи. Придонес кон тоа може да даде и вклучувањето на одредени високошколски институции преку отварање на студиски програми за родители и семејството.

- Градинките уште повеќе да се отворат кон соработката со родителите, позитивен пример на некои држави е во состав на градинката да се формира посебен простор за родители, каде што тие можат повеќе да се информираат и дружат помеѓу себе.

- Да се реализираат проекти за намалување на трошоците и заштеда во тековната работа на градинката (пример греење), подобро искористување на сопствените ресурси (кујна, слободен простор), отворениот простор, подобро искористување за психо-моторните активности, истражување на еко-системот (можност за сопствена градина со растенија за кои се грижат самите деца).

- Преку одредени проекти да се интензивира и практикува тимската работа во градинката и менаџирање во организациска и финансиска смисла.

- Педагошка документација и евиденција, со посебно внимание и време за нејзина имплементација, покрај индивидуалното пратење на развојот на секое дете, може да биде и корисен инструмент за унапредување на целокупниот систем на предучилишното воспитание и образование.

Поголемиот дел од наведените сугестии веќе постојат или се во фаза на подготовка на нивно имплементирање, но потребна е една поширока акција и свест за да сето тоа заживее и се поврзе во единствен и функционален систем.

Ако една стара афричка мудрост кажува дека е потребно цело село за да се порасне едно дете, во денешните модерни услови ова станува уште поголема вистина и потреба.

## Користена литература


1. Гоцевски, Т. (2004) „Економика на образование", Скопје.
2. Ангелоска-Галевска, Н. (1998) „Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието", Битола.
3. Гоцевски, Т. (2003) „Образовен менаџмент", Битола.
4. Министерство за труд и социјална политика, (2009) „Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години", Скопје.
5. Раванс, Ј. (2010) „Фер игри", Скопје.
6. Камберски, К. (2000) „Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија", Скопје.
7. Киранџиска, С.; Самарџиска-Панова, Љ.; Шеху, Ф.; Дамовска, Л.; Атанасовска, Т. (2005) „Нацрт-програма за развој на предучилишното воспитание и образование", Скопје.
8. Дамовска, Л. (2001) „Компатибилност на предучилишното со основното воспитание и образование", Скопје.
9. Гоцевски, Т. (2006) „Социјален менаџмент", Скопје.
10. Министерство за труд и социјална политика, (2013) „Закон за заштита на децата", Скопје.
11. Министерство за труд и социјална политика и Биро за развој на образованието, (2007) „Основна програма за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки", Скопје.
12. Министерство за труд и социјална политика, (2009) „Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детските градинки", Скопје.
13. Despotović, S. B.; Iličić, M. M.; Radovanović, R. M., „Programiranje osnovno-vaspitnog rada u predškolskom, osnovnom i srednjem usmerenom obrazovanju i vaspitanju".
14. Каменов, Е. (1988) „Предучилишна педагогија 1", Скопје.
15. Каменов, Е. (1988) „Предучилишна педагогија 2", Скопје.

16. Jovanovska M. P.; Petrov, N.; Stevanović, M. (2004) „Kreativno vođenje u vrtiću i školi", Tuzla.

17. Петровиќ, З. С. (1998) „Сарадња породице и вртића", Лесковац.

18. Каменов Е., Петров Н. (1986) „Методика на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст", Скопје.

19. Котева-Мојсовска, Т. (2006) „Семејното воспитание и социјалното однесување на децата", Скопје.

20. Миовска-Спасева, С. (2005) „Прагматистичката педагогија и основното образование", Скопје.

21. Stevanović, M. (1992) „Ravnatelj/direktor i pedagog u vrtiću i školi", Pula.

22. Николовска, Ј. (2007) „Педагошко-методички истражувања и погледи", Скопје.

23. Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје, (2007) „Современи тенденции во формирањето на наставниот кадар за предучилишното воспитание и одделенска настава", Скопје.

24. Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје, (2003) „Современото предучилишно воспитание и основно образование – состојби и перспективи", Скопје.

25. Ангелковска, Н. (1992), „Предучилишното воспитание и образование како отворен систем". Зборник на трудови: Современите тенденции во воспитанието и образованието и нивното влијание врз поставувањето на нова платформа (Стручно-научен собир, Струга), Просветно дело, Скопје.

26. Babić, N. (1991), „Kakav predškolski odgoj?", Pedagogija, Beograd.

27. Bergant, M. (1979), „Vaspitni zadaci porodice nekad i danas", Pedagogija, Beograd.

28. Bronfenberner, J. (1997), „Ekologija ljudskog razvoja", Beograd.

29. Vigotski, L.S. (1971), „Učenje i ravoj u predškolskom uzrastu" Beograd.

30. Vukasović, A. (1986), „Fenomen odgoja", Pedagogija, Beograd.

31. Vukomanović N. i drugi (1989) „Roditelji u dječjem vrtiću", Beograd.

32. Grubor, A. (1984), „Odgojna funkcija društvene sredine", Zagreb.

33. Kamenov, E. (1983), „Ostvarivanje funkcija predškolskog obrazavanja", Beograd.

34. Маринковић, С. (1995), „Неки покушаји трансформације дечјег вртића у отворени васпитни систем“, Београд.

35. Miljak, A. (1990), „Odgojno-obrazovna funkcija predškolskih ustanova“, Zagreb.

36. Pavlovski, T. ; Pavlović-Breneselović, D. (2000), „Timski rad u vaspitnoj praksi“, Beograd.

37. Silov, M. (2003), „Pedagogija“, Velika Gorica

38. Vujčić, V. (1983), „Pedagogija i odgoj“, Zagreb

39. Камберски К. (1994) Скопје, „Од буквар до универзитет“

40. Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015

41. Milan, G. (2002), „Educare all'incontro. La pedagogia di Martin Buber", Roma.

42. Milan, G. (2003), „La dimensione "tra", fondamento pedagogico dell'interculturalità", Padova.

43. Milan, G. (2004), „Disagio giovanile e strategia educative“, Roma.

44. De Beni, M. (2002), „Prosocialità e altruismo“, Trento.

45. De Beni, M. (2004), „Imparare a pensare“, Verona.

## IV. Дел

## Прилози

# Анкетен лист

## за воспитувачи од детски градинки

Целта на ова истражување е да се соберат податоци за Вашите мислења и ставови во врска со организацијата и финансирањето во Вашата градинка.

Ве молам најискрено да одговорите на поставените прашања. Добиените податоци ќе бидат искористени исклучиво за проучување на организацијата и финансирањето на предучилишното воспитание и образование.

Анкетирањето е анонимно, а изборот Вас да ве анкетираме е случаен.

1. Што Ве мотивирало да ја изберете професијата воспитувач?

______________________________________________

______________________________________________

2. Во која детска градинка работите?

______________________________

3. Завршено образование

а) средно б) вишо в) високо

4. Работно искуство во предучилишна установа

а) од 0 до 5 год. б) од 5 до 10 год. в) над 10 год.

5. Дали сте запознаени со системот на организацијата на предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија?

а) запознаена сум б) делумно сум запознаена в) не сум запознаена

6. Дали сте запознаени со организацијата на вашата установа?

а) запознаена сум б) делумно сум запознаена в) не сум запознаена

7. Колку Вие делувате на организацијата во самата установа?

а) не б) да, како______________________________________

8. Дали сте запознаени со начинот на финансирање на вашата установа?

а) не б) да, како_______________________________________________

9. Дали имате влијание и иницијативи да се подобрат приходите на установата?

а) не б) да, како_______________________________________________

10. Дали имате влијание и можности да се намалат трошоците, а да не се влијае на едукативниот процес?

а) не б) да, како_______________________________________________

11. Според вас колкаво е значењето на организацијата и финансирањето на предучилишното воспитание и образование во задоволување на потребите на самите деца?

а) големо б) делумно в) мало г) нема значење

12. Дали сегашниот начин на организирање и финансирање во установата може да ги задоволи зацртаните воспитно образовните цели?

а) да б) не

зошто_______________________________________________________

13. Сметате ли дека во работната група за успешно организирање и финансирање на предучилишната установа треба да бидете и Вие вклучени како воспитувач?

а) да б) не

зошто_______________________________________________________

14. Дали установата каде работите ви овозможува перманентно образование односно надоградување преку посетување на разни семинари, стручни усовршувања?

а) да б) не

15. Во која мера во Вашата работа се вклучени педагогот и другите стручни работници?

а) доволно б) делумно в) премалку г) воопшто

16. Дали во Вашата работа и во колкава мера се вклучени стручните соработници од подрачјето на музичка култура, јазици, ликовна култура, физичко воспитание....?

а) доволно б) делумно в) премалку г) воопшто

17. Колкава е соработката со здравствените установи?

а) доволно б) делумно в) премалку г) воопшто

18. Дали соработувате со други градинки и разменувате искуства во врска со организацијата на воспитно-образовната работа?

а) да б) не

19. Доколку соработувате колку тоа допринесува до подобрување на Вашата работа?

а) да б) не

зошто____________________________________________

20. Дали сте запознаени и дали сте посетувале обука за планирање опсервација и форми и начини на документирање?

а) да б) не

21. Дали мислете дека лиценцирањто на воспитувачите значи чекор кон подобрување на воспитно-образовниот процес?

а) да б) не

22. Доколку не зошто? Доколку да на кој начин мислите Вие дека треба да се спроведе?

____________________________________________

____________________________________________

23. Дали самите родители се вклучени во воспитно-образовниот процес и како?

____________________________________________

____________________________________________

24. Какви се материјалните услови во кои работите?

а) одлични б) задоволителни в) добри г) незадоволителни

25. Дали ги применувате стандардите за ран детски развој од 0 до 6 години?

а) да б) не

26. Какви се Вашите примања?

а) одлични б) задоволителни в) добри г) незадоволителни

27. Дали учествувате во изработката на курикулумот и колку се цени Вашето мислење и работно искуство?
а) да б) не

______________________________________________________________________________

28. Дали соработувате со институции како што се Сектор за заштита на деца, Универзитети и Биро за развој на образование?

а) да б) не
зошто_______________________________________________________________________

29. Кое е Вашето мислење за институции како што се Сектор за заштита на деца, Универзитети и Биро за развој на образование во целта на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес?

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

# Неструктурирано интервју

за директори во предучилишните установи

Целта на ваквото интервјуирање ќе биде да се испита директорот кој е одговорен за организацијата и финансирањето во предучилишните установи, за да може да одговара слободно и искрено бидејќи интервјуирањето е анонимно.

1. Каков е Вашиот мотив да ја вршите функцијата директор?

2. Вашето мислење за организацијата и финансирањето на системот за предучилишно воспитание и образование?

3. Колку сте задоволни од организацијата и финансирањето на Вашата установа во моментот?

4. Како во дадените услови функционира Вашата установа од организациски и финансиски аспект?
   (Како приближно изгледа Вашиот финансиски буџет на годишно ниво? Постои ли можност за подобро искористување на ресурсите? Дали конкурирате на соодветни проекти за спонзорства од Европска Унија и други? Имате ли план или програма за намалување на трошоците во работењето?)

5. Каква е Вашата соработка со вработените (преку секојдневна комуникација, барате ли помош од нив во решавање на некои проблеми околу организацијата, го цените ли нивното мислење?)
   Колку се инволвирани вработените во креирањето на организацијата и финансирањето на установата?

6. Дали имате план за перманентно усовршување на Вашите вработени? (Следење на современите трендови во предучилишното воспитание и образование, соработка со соодветни стручни институции за подобрување на дејноста)

7. Какви се формите и начини на соработката со родителите и како тоа може да се унапреди? (Процент на родители кој учевствува на редовните средби, интерес на родители за работата на градинката и колку се спремни да пружат конкретна помош)

# Неструктурирано интервју

За претставник од Биро за развој на образование

1. Вашето мислење за организација и финансирање на системот за предучилишното воспитание и образование?

2. Облици на Ваша соработка со предучилишните установи? (Мислите ли дека е доволно за подобрување на организацијата на воспитно-образовниот процес, ако не на кој начин би можело тоа да се подобри)

3. Колку Вие како институција можете да влијаете на подобрување на организацијата на воспитно-образовната работа?

4. Дали во насока на подобрување на воспитно-образовната работа соработувате со родители или семејства?

# Анкетен лист

## за родители

Целта на ова истражување е да се соберат податоци за Вашите мислења и ставови во врска со организацијата и финансирањето на градинката во која оди Вашето дете.
Ве молам најискрено да одговорите на поставените прашања. Добиените податоци ќе бидат искористени исклучиво за проучување на организацијата и финансирањето на предучилишното воспитание и образование.
Анкетирањето е анонимно, а изборот Вас да Ве анкетираме е случаен.

1. Колку сте запознаени со предучилишната установа во која оди Вашето дете?

а) доволно б) делумно в) малку г) воопшто

2. Дали сте запознаени со програмата и воспитно-образовната работа на установата каде што го носите детето?

а) да б) делумно в) премалку г) воопшто

3. Дали сте запознаени со формите на соработка на градинката со родителите?

а) да б) делумно в) премалку г) воопшто

4. Колку Вас тоа Ве интересира; колку активно учествувате во тоа?

а) многу б) делумно в) малку г) воопшто

5. Дали сте запознаени со системот на финансирање на установата и имате ли идеја за негово подобрување?

а) да б) не

________________________________________________________________

6. Какво е Вашето мислење за облици на асоцијации на родители со цел за подршка и помош на воспитно-образовните институции?

________________________________________________________________

________________________________________________________________